Врз основа на член 137 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 6 став (1) од Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/18), постапувајќи по Барањето за сертификација на операторот на системот за пренос на електрична енергија доставено од Операторот на електропреносниот систем на Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, бр. 12-1619/3 од 22 август 2025 година, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на 23 април 2026 година донесе

# ОДЛУКА

## за сертификација и назначување на оператор на електропреносен систем на Република Северна Македонија

1. Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, со седиште на ул. Максим Горки бр.4 Скопје, со ЕМБС: 5933781, којшто ја врши дејноста пренос на електрична енергија, ги исполнува пропишаните услови за сертификација за оператор на електропреносен систем и се назначува за оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува назначениот оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија на секои шест месеци да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за текот на постапките пред Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија за упис на правото на сопственост на недвижностите преку кои ја врши дејноста.

3. Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за сертификација и назначување за оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија бр. 02-2851/1 од 15 август 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 175/19).

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на која се објавува и мислењето доставено од Секретаријатот на Енергетската заедница.

*О б р а з л о ж е н и е*

## I. ПРАВЕН ОСНОВ

I.1. Согласно член 133 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија е друштво кое треба да:

1) е сопственик на електропреносната мрежа што се состои од трафостаници, линиски инфраструктурни објекти и други постројки, објекти и средства што се во функција на управувањето со електропреносниот систем и преносот на електрична енергија,
2) не е дел од вертикално интегрирано друштво,
3) е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија,
4) не врши други енергетски дејности определени со Законот за енергетика* и во своето работење е независен од вршителите на други енергетски дејности, и
5) е сертифицирано за оператор на електропреносниот систем од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика).

Понатаму, со член 133 став (2) од Законот за енергетика* е утврдено дека со цел да се обезбеди независност на операторот на електропреносниот систем, исто лице или лица немаат право во исто време:

1) директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во операторот на електропреносниот систем,
2) директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија,
3) да именуваат членови на орган на надзор и на орган на управување на операторот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија и
4) да биде член на орган на надзор, на орган на управување или на некое од телата кои законски го застапуваат операторот на електропреносниот систем и во исто време да биде член на соодветен орган или тело во друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија.

Во членот 133 ставот (3) од Законот за енергетика* е пропишано дека горенаведените ограничувања особено се однесуваат на:

1) користење на право на глас,
2) избор и именување на членови на органот на надзор и органот на управување, и/ или
3) поседување на мнозински удел.

Во член 133, став (4) од Законот за енергетика* е пропишано дека операторот на електропреносниот систем не може да има лиценци и не може да биде вклучен во вршење на дејностите дистрибуција, производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија, како и лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

Согласно член 133 став (6) од Законот за енергетика*, операторот на електропреносниот систем и неговите вработени не смеат да ги пренесуваат деловно чувствителните информации кои ги поседуваат на друштва за дистрибуција, производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија. Притоа, со ставот (7) од истиот член е утврдено дека како друштво што врши дејност производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија:

1. се смета и друштво што врши некоја од дејностите производство, складирање, снабдување или трговија со гас;
2. не се смета потрошувач кој директно или индиректно учествува во управувањето во друштва кои вршат некоја од дејностите производство, складирање и/или снабдување со електрична енергија, ако:

- на просечно годишно ниво е нето - потрошувач на електрична енергија земајќи го предвид неговото учество во произведената електричната енергија од друштвата во кои учествува во управувањето и
- вредноста на електричната енергија што ја продава на трети лица е незначителна во однос на другите негови деловни активности.

I.2. Согласно член 134, став (1) од Законот за енергетика*, Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, рударството и минерални суровини (во понатамошниот текст: Министерство) е сопственик на друштвото коешто е оператор на електропреносниот систем. Во ставот (2) од членот 134 е утврдено дека Министерството е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на друштвото. Членовите на органот на надзор, односно на органот на управување на операторот на електропреносниот систем:

1) се самостојни во постапка за донесување на одлуки согласно закон, и
2) не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на управување на друштва кои вршат производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија или друштва кои имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

I.3. Согласно член 137 став (1) од Законот за енергетика*, вршителот на дејноста пренос на електрична енергија мора да биде сертифициран како оператор на електропреносниот систем на начин, во постапка и во рок утврдени со Законот за енергетика*. Регулаторната комисија за енергетика на 15 август 2019 година донесе Одлука за назначување и сертификација на оператор на електропреносен систем на Република Северна Македонија бр. 02-2851/1 од 15 август 2025 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 175/19).

I.4. Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас со кој што се уредува постапката за утврдување на усогласеноста со правилата со кои што се регулира раздвојувањето и независноста на операторот на системот за пренос (во натамошниот текст: Правилник за сертификација), Регулаторната комисија за енергетика,

го донесе на 1 август 2018 година и влезе во сила на 15 август 2018 година и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 146/18.

I.5. Врз основа на член 54, став (1), точка 1, потточка 1.7 од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика на 30 октомври 2025 година донесе Правилник за сертификација на операторот на електропреносен систем и операторот на систем за пренос на гас бр. 01-2012/1 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.226/25). Согласно преодните и завршни одредби од Правилникот, започнатите постапки за сертификација и ревизија на сертификација до денот на влегување во сила на овој Правилник, ќе завршат согласно одредбите од Правилникот за сертификација.

## II. ТЕК НА ПОСТАПКАТА

II.1. Согласно член 137 став (2) точка (1) од Законот за енергетика* постапката за сертификација на операторот на електропреносниот систем се спроведува на барање на операторот на електропреносниот систем на кого му е издадена лиценца за вршење на дејноста пренос на електрична енергија.

Согласно член 308 став (3) од Законот за енергетика* Друштвото оператор на електропреносниот систем ја започнува постапката за сертификација од членот 137 од Законот за енергетика*, во рок од 30 дена од преносот на сопственоста на акциите согласно ставот (2) од истиот член.

Согласно член 137 став (4), во рок од четири месеци од денот на доставување на барање за сертификација од страна на операторот на електропреносниот систем, Регулаторната комисија за енергетика изготвува предлог одлука за сертификација на операторот на електропреносниот систем и заедно со сите информации поврзани со предлог одлуката и веднаш му ја доставува на Секретаријатот на Енергетската заедница.

Согласно член 137 став (5), во рок од 60 дена по добивање на мислењето од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука по барањето за сертификација. Регулаторната комисија за енергетика го зема предвид мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница и ги објавува причините за можните отстапки од мислењето.

Согласно член 137 став (6), Регулаторната комисија за енергетика ја објавува одлуката за сертификација во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница, на која го објавува и мислењето издадено од Секретаријатот на Енергетската заедница.

II.2. Врз основа на член 308 став (3) од Законот за енергетика* и член (3) од Правилникот за сертификација, Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во натамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), до Регулаторната комисија за енергетика на 22 август 2025 година поднесе Барање за сертификација на операторот на системот за

пренос на електрична енергија, бр. 12-1619/1 од 22 август 2025 година (во натамошниот текст: барање за сертификација).

Барањето е доставено до Регулаторната комисија за енергетика во писмена и електронска форма и содржи податоци за Барателот и изјава дека се бара отпочнување на постапка за сертификација согласно Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и Правилникот за сертификација. Барањето е доставено во форма на соодветниот образец предвиден со Прилог 1 од Правилникот за серификација. Кон барањето за сертификација, согласно член 3 став (3) од Правилникот за сертификација, беше поднесена и следната документација:

(1) Список на документи и други податоци доставени кон Барањето бр. 02-4795/1 од 21.08.2025 година,
(2) Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија од 18.08.2025 година,
(3) Пречистен текст на Статут на барателот, копија заверена на нотар под УЗП бр.13249/2025 од 19.08.2025 година,
(4) Деловник за работа на управниот одбор на барателот, копија заверена на нотар УЗП бр.13247/2025 од 19.08.2025 година,
(5) Деловник за работа надзорниот одбор на барателот, копија и дополнително копија заверена на нотар под УЗП бр.13662/2025 од 26.08.2025,
(6) Список на членови на органот на управување и органот на надзор на барателот, бр. 02-4795/2 од 21.08.2025 година,
(7) Акционерска книга и податоци за бројот на акции и бројот на гласови на секој акционер од 04.08.2025 година,
(8) Список на државни органи кои имаат контрола или некое друго право врз операторот на системот за пренос, како и образложение дека не е контролиран од друг државен орган или трето лице, бр. 02 - 4795/3 од 21.08.2025 година,
(9) Годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во 2022 година УЗП бр. 12754/2025 од 11.08.2025 година, Консолидиран годишен финансиски извештај на АД МЕПСО во 2022 година УЗП бр. 12756/2025 од 11.08.2025 година и Извештај на независните ревизори за 2022 година, бр. 05-3220/2 од 22.05.2023 година, копија заверена на нотар под УЗП бр. 12761/2025 од 11.08.2025 година,
(10) Годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во 2023 година УЗП бр. 12755/2025 од 11.08.2025 година, Консолидиран годишен финансиски извештај на АД МЕПСО во 2023 година УЗП бр. 12757/2025 од 11.08.2025 година и Извештај на независните ревизори за 2023 година, бр. 05-4167 од 18.06.2024 година, копија заверена на нотар под УЗП бр. 12762/2025 од 11.08.2025 година,
(11) Годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во 2024 година УЗП бр. 12753/2025 од 11.08.2025 година, Консолидиран годишен финансиски извештај на АД МЕПСО во 2024 година УЗП бр. 12758/2025 од 11.08.2025 година и Извештај на независните ревизори за 2024 година, бр. 05-3487 од 11.06.2025 година, копија заверена на нотар под УЗП бр. 12763/2025 од 11.08.2025 година,

(12) Список на друштва коишто вршат енергетски дејности, коишто се поврзани со барателот согласно одредбите од Законот за трговските друштва, бр. 02 – 4795/4 од 21.08.2025 година

(13) Известување од акционерот на барателот дека не поседува лиценци/или други овластувања за вршење на енергетски дејности во Република Северна Македонија и/или во други земји, бр. 08-3872/3 од 21.08.2025 година,

(14) Изјави заверени кај Нотар од членовите на органот на управување, односно органот на надзор дека не се членови на орган на управување, односно на орган на надзор, односно вработени во друштво коешто врши производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас или во друштво коешто има можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тоа друштво:

- Изјава од Јован Лазарев, заверена на нотар под УЗП бр. 11917/2025 од 14.08.2025 година,
- Изјава од Елизабета Гиовска, заверена на нотар под УЗП бр. 12969/2025 од 14.08.2025 година,
- Изјава од Зоран Тодоровски, заверена на нотар под УЗП бр. 13147/2025 од 18.08.2025 година
- Изјава од Звонко Бошков, заверена на нотар под УЗП бр. 3975/2025 од 15.08.2025 година,
- Изјава од Симона Домазетовска Марковска, заверена на нотар под УЗП бр. 11975/2025 од 25.08.2025 година,
- Изјава од Александар Пауноски, заверена на нотар под УЗП бр. 13118/2025 од 15.08.2025 година,
- Изјава од Сашко Лакински, заверена на нотар под УЗП бр. 10833/2025 од 13.08.2025 година,
- Изјава од Васе Јовевски, заверена на нотар под УЗП бр. 12562/2025 од 07.08.2025 година,
- Изјава од Анастасија Илиеска, заверена на нотар под УЗП бр. 10527/2025 од 06.08.2025 година,
- Изјава од Мартин Малиновски, заверена на нотар под УЗП бр. 12620/2025 од 08.08.2025 година,
- Изјава од Иван Иванов, заверена на нотар под УЗП бр. 12895/2025 од 13.08.2025 година,

(15) Изјави заверени кај нотар од членовите на органот на управување и органот на надзор дека во постапка за донесување на одлуки согласно закон, не бараат ниту прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган, освен во случаите утврдени во Законот за енергетика:

- Изјава од Јован Лазарев, заверена на нотар под УЗП бр. 11916/2025 од 14.08.2025 година,
- Изјава од Елизабета Гиовска, заверена на нотар под УЗП бр. 12970/2025 од 14.08.2025 година,
- Изјава од Зоран Тодоровски, заверена на нотар под УЗП бр. 13146/2025 од 18.08.2025 година

- Изјава од Звонко Бошков, заверена на нотар под УЗП бр. 3974/2025 од 15.08.2025 година,
- Изјава од Симона Домазетовска Марковска, заверена на нотар под УЗП бр. 11976/2025 од 25.08.2025 година,
- Изјава од Александар Пауноски, заверена на нотар под УЗП бр. 13117/2025 од 15.08.2025 година,
- Изјава од Сашко Лакински, заверена на нотар под УЗП бр. 10832/2025 од 13.08.2025 година,
- Изјава од Васе Јовевски, заверена на нотар под УЗП бр. 12561/2025 од 07.08.2025 година,
- Изјава од Анастасија Илиеска, заверена на нотар под УЗП бр. 10528/2025 од 06.08.2025 година,
- Изјава од Мартин Малиновски, заверена на нотар под УЗП бр. 12621/2025 од 08.08.2025 година,
- Изјава од Иван Иванов, заверена на нотар под УЗП бр. 12894/2025 од 13.08.2025 година,

(16) Изјава заверена кај нотар од министерката за енергетика, рударство и минерални суровини, Сања Божиновска, дека како министерство нема да даваат насоки и да влијаат во донесувањето на одлуки на операторот на системот за пренос, заверена на нотар под УЗП бр. 6736/2025 од 21.08.2025 година,

(17) Програма за усогласеност на АД МЕПСО Скопје во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување, одобрена од Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр. 02-90/1 од 18.01.2019 година,

(18) Правилата кои ги применува барателот со цел да спречи откривање на доверливи и други комерцијално чувствителни информации:
- Правилник за деловна тајна на барателот, копија заверена на нотар под УЗП бр. 13248/2025 од 19.08.2025 година,
- Правилник за начинот на вршење на видео надзор во барателот, копија заверена на нотар под УЗП бр. 13246/2025 од 19.08.2025 година,
- Правилник за безбедност на обработката на личните податоци, копија заверена на нотар под УЗП бр. 13250/2025 од 19.08.2025 година,
- Правилник за формата и содржината на барањето за утврдување на прекршување на одредбите од Законот за заштита на личните податоци, копија заверена на нотар под УЗП бр. 13251/2025 од 19.08.2025 година,
- Листа на видовите операции на обработка за кои се бара проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци, копија заверена на нотар под УЗП бр. 13243/2025 од 19.08.2025 година,
- Правилник за проценка на влијанието на заштитата на личните податоци, копија заверена на нотар под УЗП бр. 13244/2025 од 19.08.2025 година,
- Правилник за известување за обработка на лични податоци со висок ризик, копија заверена на нотар под УЗП бр. 13242/2025 19.08.2025 година,
- Правилник за начинот на известување на нарушување на безбедноста на личните податоци, копија заверена на нотар под УЗП бр. 13252/2025 од 19.08.2025 година,

- Листа на видовите операции на обработка за кои не се бара проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци, копија заверена на нотар под УЗП бр. 13245/2025 од 19.08.2025 година,

(19) Известување од лицето кое има контрола над барателот (Министерството) дека нема донесено интерни акти кои ја регулираат материјата на работа со доверливи и други комерцијално чувствителни информации, односно работи согласно Законот за класифицирани информации, Уредбата за физичка безбедност на класифицирани информации и Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации и на информации за ограничена употреба, бр.08-3872/3 од 21.08.2025 година,

(20) Потврда дека над друштвото не е отворена постапка за стечај од Централен регистар на РСМ од 18.08.2025 година,

(21) Потврда дека над друштвото не е отворена постапка за ликвидација од Централен регистар на РСМ од 18.08.2025 година,

(22) Список на лиценци за вршење на енергетски дејности кои му се издадени на барателот, бр. 02-4795/5 од 21.08.2025 година,

(23) Организациона структура на барателот и податоци со број на извршители во поодделни сектори, како и податоци за бројот, образованието и стручната оспособеност на лицата кои што раководат и непосредно ракуваат со уреди и постројки со кои се врши дејноста,

(24) Доказ за правото на сопственост, односно право на користење на дел од основните средства преку кои ја врши дејноста и/или доказ дека е започната постапката за упис на правото на сопственост и/или евиденција на дел од недвижностите преку кои се врши дејноста во Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија:

## I. ИМОТНИ ЛИСТОВИ ЗА ЛИНСИКИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

1. Имотен лист број 3325 за инфраструктурен објект ТС Охрид 1 – ТС Охрид 2 со должина од 3412,47м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
2. Имотен лист број 605 за инфраструктурен објект ТС Битола 4 – ТС Битола 1 со должина од 5935,39м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
3. Имотен лист број 3268 за инфраструктурен објект ТС Самоков – Самоков со должина од 4381,36м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
4. Имотен лист број 593 за инфраструктурен објект ТС Ѓорче Петров – ТС Скопје 1 со должина од 10995,33м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
5. Имотен лист број 590 за инфраструктурен објект ТС Скопје 4 – ЕВП Драчево со должина од 883,89м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
6. Имотен лист број 1077 за инфраструктурен објект ТС Битола 2 – ТЕ Битола 2 со должина од 663,73 издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,

7. Имотен лист број 1273 за инфраструктурен објект ТС Штип – ТС Пробиштип со должина од 25113,52м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
8. Имотен лист број 1274 за инфраструктурен објект ТС Овче Поле – ТС Штип со должина од 17781,85м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
9. Имотен лист број 1507 за инфраструктурен објект ТС Скопје 4 – ТС Скопје 2 со должина од 5151,48м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
10. Имотен лист број 1521 за инфраструктурен објект ТС Штип 1 – ТС Штип 2 со должина од 5269,51м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
11. Имотен лист број 1826 за инфраструктурен објект ТС Велес – ТС Топилница 2 со должина од 2237,27м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
12. Имотен лист број 1866 за инфраструктурен објект ТС Македонска Каменица – ТС Делчево со должина од 17161,93м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
13. Имотен лист број 662 за инфраструктурен објект ТС Дуброво – ТС македонско-грчка граница со должина од 54437,43м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
14. Имотен лист број 663 за инфраструктурен објект ТС Битола 1 – грчка граница со должина од 22037,34м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
15. Имотен лист број 1079 за инфраструктурен објект ТС Битола 2 – ТС Битола 3 со должина од 799,09м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
16. Имотен лист број 447 за инфраструктурен објект 130/2 ТС Скопје 4 – ТС Скопје 2 со должина од 4114,27м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
17. Имотен лист број 332 за инфраструктурен објект 126 ТС Скопје 1 – Миладиновци 2 со должина од 16997,59м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
18. Имотен лист број 448 за инфраструктурен објект ТС Охрид 4 – ТС Охрид 3 со должина од 15528,05м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
19. Имотен лист број 726 за инфраструктурен објект ТС Битола 2 – ТС Суводол со должина од 3025,01м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,

20. Имотен лист број 980 за инфраструктурен објект ТС Велес – ТС Топилница 1 со должина од 2174,13м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
21. Имотен лист број 997 за инфраструктурен објект ТС Велес – ТС Велес 2 со должина од 3467,22м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
22. Имотен лист број 673 за инфраструктурен објект ТС Скопје 5 – ТС Скопје 4 со должина од 19834,5м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
23. Имотен лист број 721 за инфраструктурен објект ТС Битола 1 – ТС Битола 2 со должина од 12849,69м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
24. Имотен лист број 722 за инфраструктурен објект ТС Битола 2 – ТС Битола 3 со должина од 11964,88м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
25. Имотен лист број 606 за инфраструктурен објект ТС Битола 2 – ТС Битола 1 со должина од 663,81м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
26. Имотен лист број 607 за инфраструктурен објект ТС Битола 2 – ТЕ Битола 2 со должина од 421,75м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
27. Имотен лист број 520 за инфраструктурен објект ТС Скопје 1 – Миладиновци 1 со должина од 17000,85м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
28. Имотен лист број 608 за инфраструктурен објект ТС Битола 2 – ТС Битола 1 со должина од 663,98м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
29. Имотен лист број 609 за инфраструктурен објект ТС Битола 2 – ТЕ Битола 2 со должина од 423,25м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
30. Имотен лист број 519 за инфраструктурен објект ТС Скопје 4 – ТС Петровец со должина од 11325,29м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
31. Имотен лист број 514 за инфраструктурен објект ТС Осломеј – ТС Кичево со должина од 14626,25м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
32. Имотен лист број 553 за инфраструктурен објект ХЕЦ Глобочица – ТС Струга со должина од 32179,37м издаден за АКН на РСМ на 30.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган.

## II. ИМОТНИ ЛИСТОВИ ЗА ОБЈЕКТИ

1. Имотен лист број 100421 за КО Центар 1 за деловни простории издаден за АКН на РСМ на 31.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
2. Имотен лист број 44621 за КО Центар 1 за деловни простории издаден за АКН на РСМ на 31.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган
3. Имотен лист број 44860 за КО Кисела Вода 2 за згради во останато стопанство издаден за АКН на РСМ на 31.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
4. Имотен лист број 1082 за КО Центар 1 за деловни простории издаден за АКН на РСМ на 31.07.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган.

## III. ИМОТНИ ЛИСТОВИ ЗА ТРАФОСТАНИЦИ

1. Имотен лист број 104045 за КО Бутел за ТС (Е.14) издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
2. Имотен лист број 94972 за КО Битола 1/2 издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган
3. Имотен лист број 91135 за КО Штип 1 за ТС (Е.14) издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган
4. Имотен лист број 50688 за КО Башино Село за ТС (Е.14) издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган
5. Имотен лист број 4770 за КО Горно Лисиче за ТС (Е.14) издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
6. Имотен лист број 1642 за КО Глишиќ за ТС (Е.14) издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган
7. Имотен лист број 1017 за КО Пршовце - вонград за ТС (Е.14) издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган,
8. Имотен лист број 596 за КО Јегуновце за ТС (Г1-7) издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган
9. Имотен лист број 445 за КО Самоков за ТС (Е.14) издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган
10. Имотен лист број 273 за КО Крклино за ТС (Е.14) издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган
11. Имотен лист број 125 за КО Дуброво за згради во останато стопанство издаден за АКН на РСМ на 18.08.2025 година, копија од електронски издаден документ на јавен орган

II.3. Регулаторната комисија за енергетика, постапувајќи по барањето за сертификација и приложената документација утврди определени недостатоци по што на 9 септември 2025 година донесе Решение бр.12-1619/3 со кое утврди дека барањето за сертификација е нецелосно и не се доставени сите потребни документи, податоци и информации и го задолжи АД МЕПСО Скопје истите

да ги достави во рок од 30 дена од приемот на Решението. Регулаторната комисија за енергетика го објави Решението бр. 12-1619/3 на своја веб страница и го достави до АД МЕПСО Скопје.

II.3.1. АД МЕПСО Скопје на 10 октомври 2025 година постапи по Решението бр. 12-1619/3 и до Регулаторната комисија за енергетика ги достави побараните документи, податоци и информации, со што го комплетираше барањето за сертификација. Дополнително беа доставени:

1. Изјави од Член (3) став (3) Точка 10) од Правилникот за сертификација: Изјави од сите членови на органите на управување односно на органите на надзор, да се усогласат со член 133 став (2) од Законот за енергетика* односно да бидат со следната содржина: Изјави заверени кај нотар од членовите на органот на управување, односно органот на надзор дека не учествуваат директно или индиректно во управување и раководење односно не се членови на орган на управување, односно на орган на надзор, односно вработени, ниту па остваруваат друго право во друштво коешто врши дејност, производство, складирање, трговија и снабдување со електрична енергија и/или гас или во друштво коешто има можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тоа друштво
   - Изјава од Бурим Латифи, заверена на Нотар под УЗП бр. 15313/2025 од 24.09.2025 година,
   - Изјава од Александар Пауноски, заверена на Нотар под УЗП бр. 16380/2025 од 09.10.2025 година,
   - Изјава од Сашко Лакински, заверена на нотар под УЗП бр. 15123/2025 од 22.09.2025 година,
   - Изјава од Васе Јовевски, заверена на Нотар под УЗП бр. 15256/2025 од 23.09.2025 година,
   - Изјава од Анастасија Илиеска, заверена на Нотар под УЗП бр. 15131/2025 од 22.09.2025 година,
   - Изјава од Мартин Малиновски, заверена на Нотар под УЗП бр. 15004/2025 од 18.09.2025 година,
   - Изјава од Иван Иванов, заверена на Нотар под УЗП бр. 15133/2025 од 22.09.2025 година,
   - Изјава од Јован Лазарев, заверена на Нотар под УЗП бр. 15155/2025 од 07.10.2025 година,
   - Изјава од Елизабета Гиовска, заверена на Нотар под УЗП бр. 15038/2025 од 19.09.2025 година,
   - Изјава од Зоран Тодоровски, заверена на Нотар под УЗП бр. 15056/2025 од 19.09.2025 година
   - Изјава од Звонко Бошков, заверена на Нотар под УЗП бр. 4508/2025 од 18.09.2025 година,
   - Изјава од Симона Домазетовска Марковска, заверена на Нотар под УЗП бр. 13453/2025 од 24.09.2025 година,
   - Изјава од Агрон Рустеми, заверена на Нотар под УЗП бр. 4453/2025 од 23.09.2025 година

2. Изјави од Агрон Рустеми и Бурим Латифи согласно член (3) став (3) точка 10) од Правилникот за сертификација заверени на Нотар бидејќи истите не се доставени со барањето:
   - Изјава од Бурим Латифи, заверена на нотар под УЗП бр. 15313/2025 од 24.09.2025 година,
   - Изјава од Агрон Рустеми, заверена на нотар под УЗП бр. 4453/2025 од 23.09.2025 година.
3. Изјава согласно член (3) став (3) точка 12) од Правилникот за сертификација којашто се однесува на вработен/и кој/и преминал/е кај барателот. Во случај да нема вработени кои преминале кај барателот во периодот од две години пред поднесување на барањето, овластеното лице на Барателот да даде изјава дека нема вработени кои преминале кај барателот, а извршувале раководни функции или биле членови на органи на управување, односно органи на надзор во друштва кои вршеле енергетска дејност производство, складирање на електрична енергија и/или гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или гас, во периодот од две години пред поднесување на барањето:
   - Изјава од Стевче Антовски, заверена на Нотар под УЗП бр. 15332/2025 од 24.09.2025 година,
4. Изјава согласно член 133 став (4) од Законот за енергетика*. Изјава од операторот на преносниот систем дека нема лиценци и не е вклучен во вршење на дејностите, дистрибуција, производство, складирање, снабдување, трговија или лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија, заверена на нотар
   - Изјава од Бурим Латифи, заверена на Нотар под УЗП бр. 15315/2025 од 24.09.2025 година
5. Изјави согласно Член 133 став (2) точка 4) од Законот за енергетика* заверени на нотар од членовите на органот на управување, односно органот на надзор дека во исто време не се членови на орган на управување или надзор или на некое од телата кои законски го застапуваат операторот на преносниот систем и член на соодветен орган или тело во друштво што врши дејности производство складирање, снабдување или трговија со електрична енергија:
   - Изјава од Бурим Латифи, заверена на Нотар под УЗП бр. 15314/2025 од 24.09.2025 година,
   - Изјава од Александар Пауноски, заверена на Нотар под УЗП бр. 16381/2025 од 09.10.2025 година,
   - Изјава од Сашко Лакински, заверена на Нотар под УЗП бр. 15124/2025 од 22.09.2025 година,
   - Изјава од Васе Јовевски, заверена на Нотар под УЗП бр. 15255/2025 од 23.09.2025 година,
   - Изјава од Анастасија Илиеска, заверена на Нотар под УЗП бр. 15132/2025 од 22.09.2025 година,
   - Изјава од Мартин Малиновски, заверена на Нотар под УЗП бр. 15005/2025 од 18.09.2025 година,
   - Изјава од Иван Иванов, заверена на Нотар под УЗП бр. 15134/2025 од 22.09.2025 година,

- Изјава од Јован Лазарев, заверена на Нотар под УЗП бр. 15154/2025 од 07.10.2025 година,
- Изјава од Елизабета Гиовска, заверена на Нотар под УЗП бр. 15037/2025 од 19.09.2025 година,
- Изјава од Зоран Тодоровски, заверена на Нотар под УЗП бр. 15057/2025 од 19.09.2025 година,
- Изјава од Звонко Бошков, заверена на Нотар под УЗП бр. 4509/2025 од 18.09.2025 година,
- Изјава од Симона Домазетовска Марковска, заверена на нотар под УЗП бр. 13454/2025 од 24.09.2025 година,
- Изјава од Агрон Рустеми, заверена на нотар под УЗП бр. 4452/2025 од 23.09.2025 година.

6. Список на основни средства преку кои се врши дејноста и кои се во сопственост на барателот или кои што по друг правен основ ги користи согласно член (3) став (3) точка 19) од Правилникот за сертификација ::
   - Телекомуникациска мрежа (опис на оптичка инфраструктура, опис на телекомуникациски систем за пренос на податоци),
   - Скада/ЕМС (опис на хардвер и софтвер во скада, ENTSO E electronic highway system, ОЕПС дата центар, ENTSO E- МЕПСО data exchange, опрема за надзор и управување во ТС,
   - Точки на прием и точки на испорака на електрична енергија ( точки на примопредавање-интерконекции, точки на прием-производни објекти, точки на испорака- директни потрошувачи, точки на испорака-дистрибуција),
   - Систем за далечинска аквизиција и процесирање на податоци од броила AMR и MDM
   - Табеларен преглед на далекуводи 400, 220,110, 35 kW и кабелски дел 110 kW
   - Табеларен преглед на трафостаници,
   - Имотен лист бр. 9106 КО Гази Баба од 9.10.2025 година,
   - Имотен лист бр.4330 за ТС Валандово - ТС Милетково од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 1720 за ТС Струга -ТС Охрид 1 од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 1578 за ТС Штип - ТС Кочани од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 836 за ТС Ресен -ТС Охрид 2 од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 873 за ТС Петровец - ТС Велес од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 875 за ТС Дуброво -ТС Штип од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 845 за ТС Битола 2 -ТС Скопје 4 од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 4762 за ТС Битола 2 -ТС Дуброво од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 4701 за ТС Скопје 4 -ТС Дуброво од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 700 за ТС Скопје 5 - ТС Косово Б од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 4980 за ТС Куманово 1 -ТС Кратово од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 511 за ТС Сопотница -ТС Битола 1 од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 835 за ТС Кичево -ТС Сопотница од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 4939 за ТС Берово -ТС Делчево од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 4978 за ТС Куманово 2 -ТС Рафинерија од 6.10.2025 година
   - Имотен лист бр. 4938 за ТС Радовиш -ТС Берово од 6.10.2025 година

- Имотен лист бр. 5022 за ТС Крива Паланка- ТС Кратово од 6.10.2025 година
- Имотен лист бр. 4864 за ТС Бучим - ТС Радовиш од 6.10.2025 година
- Имотен лист бр. 105195 КО Кисела Вода од 18.8.2025 година
- Имотен лист бр. 57 КО Чардаклија од 18.8.2025 година
- Имотен лист бр.2433 ТС Велес 1 - ТС Велес 2 од 8.10.2025 година
- Имотен лист бр. 677 за ТС Скопје 1 - ТС Скопје 4 од 8.10.2025 година
- Имотен лист бр. 2395 за ТС Велес -ТС Велес 1 од 8.10.2025 година
- Имотен лист бр. 4394 за ТС Осломеј -ТС Гостивар од од 8.10.2025 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Скопје-Хец Вруток бр. 11-6789 од 30.11.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Битола 2 - ТЕ Битола 3 бр. 11-7025 од 10.12.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС К.Паланка - Македонско Бугарска граница бр. 11-5989 од 20.10.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ХЕЦ Тиквеш - ТЦ Фени бр. 11-5994 од 20.10.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Битола 2 ТЕ Битола 2 бр.11-7166 од 15.12.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Битола 2 - ТЕ Битола 1 бр. 11-7165 од 15.12.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Битола 2 - ТЕ Битола 1 бр.11-7106 од 14.12.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТЕ Осломеј - ТЕ Самоков бр.11-5991 од 20.10.2025 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Сушица - Македонско Бугарска граница бр.11-5922 од 18.10.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Струмица - 1 ТС Сушица бр.11-5923 од 18.10.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Радовиш ТС Струмица 1 бр. 11-5924 од 18.10.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Битола 4 ТС Битола 1 бр. 11-6920 од 6.12.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Ресен ТС - Битола 4 бр. 11-5669 од 6.10.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Скопје 1 - ТС Куманово 1 бр.11-5670 од 6.10.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Валандово - ТС Струмица 2 бр.11-5671 од 6.10.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ХЕЦ Тиквеш - ТС Кавадарци бр.11-5195 од 15.9.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Згрополци ТС Кавадарци бр.11-5196 од 15.9.2021 година

- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Битола 1 - ТС Прилеп 1 бр.11-5191 од 15.9.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Скопје 3 - ТС Ѓорче Петров бр.11-4888 од 26.8.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Сопотница 1 - ТС Битола 1 бр.11-6153 од 1.11.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Кичево - ТС Сопотница бр.11-4882 од 26.8.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Велес - ТС Овче поле бр.11-5193 од 15.9.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Скопје 1 - ТС Скопје 4 бр.11-4881 од 26.8.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Скопје 1 - ТЕ Косово Б бр.11-4889 од 26.8.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Скопје 1 ТЕ Косово А бр.11-4887 од 26.8.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Скопје 1 - ТС Косово Б бр.11-4676 од 12.8.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Битола 2 - ТС Скопје 4 А бр.11-4675 од 12.8.2021 година
- Копија од барање за запишување на евидентиран инфраструктурен објект ТС Дуброво ТС Штип А бр.11-4674 од 12.8.2021 година
- Барање за доделување на единечен договор наракчка бр. 11 бр. 11-4826 од 22.8.2025 година со кое што се бара изработка на Геодетски елаборати за 400 kW ТС Битола 2-Македонско/Албанска граница, ТС Кавадарци - ТС Дуброво и ТС Дуброво - ТС Бучим
- Барање за исправка на грешка бр. 11-3317 од 2.6.2025 година за ТС Скопје 1 - ТС Скопје 4
- Барање за исправка на грешка бр. 11-3316 од 2.6.2025 година за ТС Скопје 5 - ТС Косово Б.

7. Изјава од овластено лице заверена кај нотар за веродостојност на доставените податоци согласно член (3) став (3) точка 21) од Правилникот за сертификација:
   - Изјава од Бурим Латифи заверена на Нотар под УЗП бр. 13844/2025 од 29.08.2025 година,
8. Превод на барањето и документите на англиски јазик од судски преведувач согласно член 3 став (4) од Правилникот и тоа: Барање за сертификација, Извод од акционерска книга, Одлука за повлекување и назначување на нови членови, Изјава на Бурим Латифи за веродостојност на доставените податоци, Одлука за назначување на Бурим Латифи за член на Управен одбор, Одлука за назначување на Александар Пауноски за член на Управен одбор, Одлука за назначување на Мартин Малиновски за член на Управен одбор, Одлука за назначување на Васе Јовевски за член на Управен одбор, Одлука за назначување на Сашко Лакински за член на Управен одбор, Одлука за назначување на Анастасија Илијеска за член на Управен одбор, Одлука за назначување на Иван Иванов за член на Управен одбор, консолидиран текст на Статут на АД Мепсо, Консолидиран Ревизорски извештај за 2024 година, Ревизорски извештај со посебни финансиски извештаи за 2024 година.

9. На 16 декември 2025 година АД МЕПСО Скопје, електронски достави појаснување за податоците и бројот на вработените во Друштвото заклучно со 31 јули 2025 година.

10. На 17 декември 2025 година АД МЕПСО Скопје достави:
    - Изјава од Ibrahimi Ibraimi заверена на Нотар под УЗП бр. 20965/2025 од 17.12.2025 година согласно член 3 став (3) точка 12 од Правилникот за сертификација,
    - Изјава од Ibrahimi Ibraimi заверена на Нотар под УЗП бр. 20963/2025 од 17.12.2025 година согласно член 3 став (3) точка 13 од Правилникот за сертификација,
    - Изјава од Ibrahimi Ibraimi заверена на Нотар под УЗП бр. 20964/2025 од 17.12.2025 година согласно член 3 став (3) точка 11 од Правилникот за сертификација.

11. На 19 декември 2025 година АД МЕПСО Скопје достави појаснување во однос на техничката изведба на постојните далекуводи, односно типот на столбовите.
12. На 22 декември 2025 година АД МЕПСО Скопје достави:
    - Одлука на Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-6425/1-2 од 21 ноември 2025 година за назначување на Ибрахими Ибраими за член на управен одбор кој ќе ја врши работата за Директор на сектор за правни и општи работи и
    - Одлука на Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-6425/1-1 од 21 ноември 2025 година за отповикување на Мартин Малиновски за член на управен одбор кој ја вршел работата за Директор на сектор за правни и општи работи.

II.3.2. Регулаторната комисија за енергетика по разгледување на целокупно доставената документација во постапката по барањето за сертификација, констатираше дека доставената документација е уредна и целосна и утврди исполнетост на барањата кои се пропишани со Законот за енергетика*. Согласно член 137 став (4) од Законот за енергетика и член 5 став (1) од Правилникот за сертификација, Регулаторната комисија за енергетика изготви предлог одлука за сертификација со фактичката состојба на 29 декември 2025 година и ја достави до Секретаријатот на Енергетската заедница.

По барање на Секретаријатот на Енергетската заедница:

1. На 11 февруари 2026 година АД МЕПСО Скопје достави:
    - Одлука за измени и дополнување на Статутот на Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со елктроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје – АД МЕПСО Скопје бр. 02-6201/1 од 24 декември 2025 година („Службен весник на РСМ“ бр.269/25); и

2. На 12 февруари 2026 година Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје достави:
    - Изјава за основање на Операторот на пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија, Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице

Национален оператор на пазар на електрична енергија -МЕМО ДОЕЛ Скопје (пречистен текст) бр. 02-7821/3 од 6 август 2024 година.

II.3.3.Согласно Законот за енергетика*, Рагулаторната комисија за енергетика на 2 февруари 2026 година со Одлука бр. 12-75/3 ја одобри Програмата за усогласеност на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје, бр. 13-437/1 од 26 јануари 2026 година, а на 9 февруари 2026 година со Решение бр.12-145/2 го одобри Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје за 2025 година.

II.3.4. На 24 февруари 2026 година Регулаторната комисија за енергетика го доби Мислењето од Секретаријатот на Енергетската заедница ( Opinion 01/2026 Pursuant to Article 51 (1) of Regulation (EU) 2019/943 and Article 52 (6) of Directive (EU) 2019/944- Republic of North Macedonia-Certification of MEPSO. Со мислењето Секретаријатот на Енергетската заедница ги даде следните заклучоци, со цел целосно усогласување со моделот на сопственичко раздвојување:

- Трговските активности на МЕМО ДОЕЛ Скопје не смеат да влијаат на независноста на АД МЕПСО Скопје. Доколку независното работење на АД МЕПСО Скопје е загрозено од неговите интереси во МЕМО ДОЕЛ Скопје, мора да се воспостават соодветни заштитни мерки за отстранување на влијанието.
- Надзорниот одбор и службеникот за усогласеност мора да работат независно од влијанието на државните органи. Доколку постојната правна рамка се смета за недоволна за да се гарантира нивното независно и ефикасно работење, мора да се донесат соодветни мерки,
- Мора да се воведат ефикасни заштитни мерки за да се обезбеди вработените во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, одговорни за развој и спроведување политики за производство и снабдување со електрична енергија, нема да вршат никакво влијание врз Операторот на електропреносниот систем АД МЕПСО Скопје.

II.3.5. На 18 март 2026 година АД МЕПСО Скопје достави извадок Правилник за систематизација на работните места во АД МЕПСО Скопје, донесен со Одлука на УО број 02- 4992/2-1 од 31.07.2018 година, односно член 22, со наслов „СЛУЖБЕНИК ЗА УСОГЛАСЕНОСТ“ со опис на работите и работните задачи на службеникот за усогласеност со органограм во прилог.

II.3.6 На 31 март 2026 година Регулаторната комисија за енергетика достави допис до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини бр. 12-506/1 со кој побара Минисерството да достави образложение поткрепено со соодветни докази на следните четрири прашања:

1. Каква процедура се спроведува во постапката за селекција и именување на членови на Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје со посебен осврт на изборот, начинот и условите за избор на независните членови?
2. Дали во актот за организација и систематизација на Министерството има предвидени работни задачи поврзани со сопственоста и управување на акциите на АД МЕПСО Скопје? За истото потребно е да ни доставите соодветно образложение поткрепено со доказ.
3. Детално образложение дека вработените во Министерството задолжени за развој и спроведување на политиките за производство и снабдување со електрична енергија немаат

влијание врз задолжените лица за сопственоста и управување на акциите на АД МЕПСО Скопје.

4. Доказ дека Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини е изземен од одлучување за избор на членови на Надзорен одбор на АД ЕСМ Скопје.

На 16 април 2026 година, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини достави одговор под бр. 08-7283/2 со образложение и прилог докази:

- Мислење бр. 08-255/2 од 22 јануари 2025 година до Влада на Република Северна Македонија по барање мислење во однос на информацијата за одобрување на финансиски план и план за производство на електрична енергија на АД ЕСМ Скопје и Мислење бр. 08-255/4 од 5 март 2025 година до Влада на Република Северна Македонија по доставено дополнување на материјал на истото барање;
- Мислење бр. 08-751/2 од 14 февруари 2025 година до Влада на Република Северна Македонија по барање мислење по однос на Информација за одржување на годишно собрание на акционери на АД ЕСМ Скопје за 2023 година со предлог-одлуки;
- Мислење бр. 08-1804/2 од 25 април 2025 година до Влада на Република Северна Македонија по однос на Информација за потребата од намалување за застој при премин на границата со комиони ( зголемен проток на увозен јаглен) за потребите на подружница РЕК Битола -Новаци;
- Мислење бр. 08-2636/2 од 7 јули 2025 година до Влада на Република Северна Македонија во врска со доспеаните побарувања на АД ЕСМ Скопје и ДОО чиј основач и единствен содружник е АД ЕСМ Скопје од државни институции;
- Мислење бр. 08-3410/3 од 3 септември 2025 година до Влада на Република Северна Македонија по однос на Информација за движни ствари-метален отпад на АД ЕСМ Скопје;
- Мислење бр. 08-4622/2 од 29 октомври 2025 година до Влада на Република Северна Македонија во врска со Информација за можноста за преотставување на 110 kv надземни водови ТС „ Скопје 1“- ТС „Север“ од АД ЕСМ Скопје, подружница „ Енергетика “-Скопје на АД Мепсо.
- Мислење бр. 08-859/2 од 16 февруари 2026 година до Влада на Република Северна Македонија и до АД ЕСМ Скопје по однос на доставена Информација за потребата од обезбедување на гранд за техничка помош преку Гранд инструментот за подготовка на проекти ( GFPP) на Светска банка за подготовка на потребната документација за проектот „комбинирана гасна електрана во ТЕЦ „Битола“ и проширување на мрежата за централно греење на градот Битола“;
- Мислење бр. 08-5156/2 од 13 ноември 2025 година до Министерство за финансисии во врска со барање за мислење за барањето од АД ЕСМ Скопје за одобрување на домашно задолжување со државна гаранција 3.600.000.000 денари;
- Мислење бр 08-1227/2 од 9 февруари 2026 година до Влада на Република Северна Македонија во врска со Информација за преземени дејствија од страна на АД ЕСМ Скопје во врска со неисплатен долг на Железници на Северна Македонија АД -Скопје;
- Мислење бр. 08-1917/2 од 18 февруари 2026 година до Влада на Република Северна Македонија во врска со Информација за продажба на движни ствари метален отпад во АД ЕСМ Скопје со предлог-Одлука;
- Мислење бр. 08-549/2 од 20 јануари 2026 година до Влада на Република Северна Македонија во врска со Финансиски план, Годишна инвестициска програма и План за

производство на електрична енергија на АД ЕСМ Скопје за 2026 година.

II.3.6 Регулаторната комисија за енергетика го зеде предвид мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница од точка II.3.4. и дополнителната документација од точките II. 3.2, II. 3.3, II. 3.5 и II. 3.6 и пристапи кон донесување на оваа одлука за сертификација.

## III. НАОДИ

Во постапката за сертификација на АД МЕПСО Скопје, земајќи ги предвид сите доставени документи, податоци и информации, Регулаторната комисија за енергетика ги утврди фактите како што следи:

III.1. АД МЕПСО Скопје и други вршители на енергетска дејност во државна сопственост врз коишто државата остварува контрола.

Со донесување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија од 2004 година, се создадоа услови за преобразба на дотогаш вертикално интегрираното претпријатие за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија Акционерскот друштво за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија „Електростопанство на Македонија“ во државна сопственост, Скопје.

Врз основа на член 518 став (4), а во врска со член 417, став (3) од Законот за трговските друштва и член 4 од Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, Владата во својство на Собрание на акционери на седницата одржана на 27 септември 2004 година донесе Одлука за поделба на АД „Електростопанство на Македонија“ во државна сопстевност, Скопје со раздвојување со основање, со која АД „Електростопанство на Македонија“ се подели на две акционерски друштва со раздвојување со основање и тоа:

- АД ЕСМ Скопје – акционерско друштво за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија, во државна сопственост, и
- АД МЕПСО Скопје - акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем на Македонија, во државна сопственост.

Видно од Решението за упис во Трговскиот регистар ТРГ бр. 5987/05 од 9 септември 2005 година, со Одлука на Владата бр. 19-2626/1 од 30 јуни 2005 година за реструктуирање на АД ЕСМ Скопје со издвојување со основање како и со Одлуката на Влада за потврдување на Планот за поделба на АД ЕСМ Скопје со издвојување со основање бр.19-3244/2 од 29 август 2005 година се потврди Планот за поделба на АД ЕСМ Скопје со издвојување со основање УО бр.02-3856/15/1 донесен од управниот одбор на АД ЕСМ Скопје на 4 јули 2005 година, се издвои и основа:

- АД ЕЛЕМ Скопје, акционерско друштво за производство на електрична енергија, во државна сопственост.

Видно од Решението за упис во Трговскиот регистар ТРГ бр. 5987/05 од 9 септември 2005 година со Одлука на Владата бр. 19-2880/1 од 19 јули 2005 година за статусна промена на АД ЕСМ Скопје со издвојување со основање како и со Одлуката на Влада за потврдување на Планот за изменување и дополнување на планот поделба на АД ЕСМ Скопје со издвојување со основање бр.19-3244/3 од 29 август 2005 година се потврди Планот за изменување и дополнување на планот за поделба на АД ЕСМ Скопје со издвојување со основање УО бр.02-4180/17/1 донесен од управниот одбор на АД ЕСМ Скопје на 22 јули 2005 година, се издвои и основа:

– АД ТЕЦ Неготино, акционерско друштво за производство на електрична енергија, во државна сопственост.

По издвојувањето на АД ЕЛЕМ Скопје и АД ТЕЦ Неготино од АД ЕСМ Скопје, АД ЕСМ Скопје продолжува да ги врши дејностите дистрибуција и снабдување со електрична енергија.

Поделбата и реорганизацијата на АД „Електростопанство на Македонија“ беше еден од предусловите за либерализација на електроенергетскиот сектор и создавање на услови за приватизација на одредени компоненти од компанијата.

Во насока на приватизација на електродистрибутивниот сектор во државата, на седницата одржана на 26 јануари 2005 година, Владата донесе Одлука за отпочнување постапка за приватизација на АД ЕСМ Скопје бр.19-267/1, со која е утврдено приватизацијата на АД ЕСМ Скопје да се изврши преку продажба на најмалку 51% од акциите на АД ЕСМ Скопје на стратешки инвеститор.

Приватизацијата на АД ЕСМ Скопје се спроведе во периодот од декември 2005 година до март 2006 година, преку транспарентна меѓународна аукција. Меѓународниот тендер за приватизација на мнозински пакет акции на АД ЕСМ Скопје беше објавен на 9 декември 2005 година, на кој интерес за учество пројавија седум компании - чешката CEZ, италијанската ENEL, австриската EVN AG, германските RWE и EnBV, корејската корпорација Samsung и американската корпорација AEC. Откако беа отфрлени во претквалификацијата корејската, американската корпорација и германската EnBV поради неисполнување на условите, четири компании останаа за учество во трка за купување на мнозинскиот пакет : EVN AG - дистрибуција на долна Австрија , CEZ – чешкото електростопанство , RWE Energy AG - Дортмунд , Германија и ENEL- италијанското електростопанство. Австриската компанија EVN AG победи на тендерот за продажба на мнозинскиот пакет акции на АД ЕСМ Скопје, по што Владата и австриската компанија EVN AG на 17 март 2006 година, го потпишаа купопродажниот договор за мнозинскиот пакет акции на АД ЕСМ Скопје.

По спроведената приватизација на АД ЕСМ Скопје, каде мнозински сопственик на акциите станува EVN AG, останатите три субјекти кои беа формирани при поделбата и реорганизацијата на вертикално интегрираното друштво АД „Електростопанство на Македонија“ остануваат во државна сопственост.

Согласно член 2 од Законот за сопственост и други стварни права (“Службен весник на Република Македонија” бр. 18/01, 92/08, 139/09 и 35/10) државата може да стекнува право на сопственост под услови и на начин предвидени со закон. Согласно член 112 став 2 од истиот Закон, правото на сопственост може да се стекне и со одлука на надлежен државен орган, на начин и под услови определени со закон. Функциите на државата, вклучително и стекнувањето, користењето,

управувањето и располагањето со нејзината сопственост се остваруваат преку органите на државната власт.

Согласно член 2 став (4) од Законот за приватизацијата на државниот капитал во претпријатијата (“Службен весник на Република Македонија” бр. 37/96, 25/99, 81/99, 49/2000, 6/02, 31/03, 38/04, 74/05 и 123/12), под државен капитал се сметаат акциите и уделите на Република Македонија и органите на државната власт во претпријатијата и банките, односно трговските друштва стекнати по различни основи во согласност со закон. Со член 2-а од овој закон е утврдено дека под органи на државна власт се подразбираат и министерствата и другите органи на државната управа. Според член 3 од истиот закон, за вредноста на државниот капитал трговските друштва и издаваат на Република Македонија, односно на органите на државната власт обични акции или потврди за удели.

Со член 8, точка 6) од Законот за Владата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16,140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) е утврдено дека Владата одлучува за располагањето и користењето на државниот капитал во согласност со закон.

Имајќи ги предвид одредбите од член 3 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, односно дека со стварите во државна сопственост што ги користат државните органите и правните лица основани од државата располага Владата, Владата е сопственик на акциите во АД ЕСМ Скопје и АД ТЕЦ Неготино од нивното основање до денес, а се до донесување на Одлуката бр.44-6841/1 за пренос на акциите на АД МЕПСО Скопје од сопственост на Владата во сопственост на Министерството за транспорт и врски согласно член 72 став (1) и член 237 став (1) од Законот за енергетика, Владата беше сопственик и на акциите на АД МЕПСО Скопје.

Врз основа на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6 од 12.1.2019 година), како и заклучоците на Владата донесени врз основа на усвоените извештаи на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, називите на АД МЕПСО Скопје, АД ЕЛЕМ Скопје и МЕМО Скопје се променија што е соодветно применето и во оваа Одлука, при што називот:

- Оператор на електропреносниот систем на Македонија акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје – АД МЕПСО Скопје се смени во Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со елктроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје – АД МЕПСО Скопје
- Македонски оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје се смени во Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје

- Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Македонија во државна сопственост Скопје – АД ЕЛЕМ Скопје се смени во Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост Скопје – АД ЕСМ Скопје.

Со Решение издадено од ЦР на РСМ на 29 февруари 2024 година за запишување на бришењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино во државна сопственост, Неготино с. Дуброво – Неготино односно статусна промена – присоединување со бришење ОДУ бр. 568/23 од 18 септември 2023 година и Записник ОДУ бр. 149/2024 – присоединување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино во државна сопственост, Неготино с. Дуброво – Неготино, со ЕМБС 6026796 како Друштво што се присоединува кон Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост Скопје, со ЕМБС 6023754, како друштво што превзема, со примена на член 30, 39 и 41 од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговски регистар и регистар на други правни лица и Решение издадено од ЦР на РСМ на 29 февруари 2024 година за зголемување на основна главнина и промена на Акт за основање на Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост Скопје, со ЕМБС 6023754 и статусна промена – присоединување со бришење на субјектот Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино во државна сопственост, Неготино с. Дуброво – Неготино, со ЕМБС 6026796 ТЕЦ Неготино стана Подружница на АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна состојба, Скопје.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика на 8 јули 2024 година донесе Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија поради зголемување на капацитетите со коишто се врши дејноста со уште една термоелектроцентрала ТЕЦ „НЕГОТИНО“ на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје УП1 бр.12-270/24 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.146/24).

### III.1.1. АД МЕПСО Скопје

#### III.1.1.1. Сопственичка структура

АД МЕПСО Скопје како прво основан од четирите правни наследници на државното вертикално интегрираното претпријатие АД „Електростопанство на Македонија“ е впишано во Трговскиот регистар на надлежниот суд во Скопје на 31 декември 2004 година.

Врз основа на увидот во Акционерската книга се утврди дека основачкиот капитал на АД МЕПСО Скопје изнесува 3.059 милијарди денари (49.8 милиони евра) поделен во 3.059.393 акции со право на глас со номинална вредност од 1.000 денари по акција.

Секоја обична акција му дава на нејзиниот сопственик право на глас за прашањата за кои гласаат акционерите на АД МЕПСО Скопје.

Согласно член 278 од Законот за трговски друштва, обичните акции се акции кои им даваат на нивните сопственици:

- право на глас во собранието на друштвото;
- право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и

– право на исплата на дел од остатокот од ликвидациона, односно стечајната маса на друштвото.

За исполнување на обврските од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19,236/22,134/24,147/24) во однос на сопственичко раздвојување на вршителите на енергетски дејности, се спроведе постапка за пренос на сопственоста на акциите на АД МЕПСО Скопје. Согласно член 237 став (1) од Законот за енергетика, Владата како единствен сопственик на акциите на АД МЕПСО Скопје и АД ЕЛЕМ Скопје од 2004 година, на 24 јули 2018 година донесе Одлука бр.44-6841/1 за пренос на акциите на АД МЕПСО Скопје од сопственост на Владата во сопственост на Министерството за транспорт и врски, согласно која се изврши сопственичко раздвојување на АД МЕПСО Скопје како оператор на електропреносниот систем на Република Македонија, односно Владата престана да биде единствен акционер на друштво кое врши дејност производство, снабдување и трговија со електрична енергија и на друштво кое врши пренос на електрична енергија.

Согласно член 134 став (1) од Законот за енергетика* Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, рударството и минералните суровини е сопственик на друштвото коешто е оператор на електропреносниот систем.

Во член 308 став (1) и (2) е уредено дека Владата во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на законот донесува одлука за пренос на сопственичката структура на друштвото оператор на електропреностнио систем согласно член 134 став (1) од законот. Преносот на сопственоста на акции на друштвото операторот на електропреностниот систем, на сопственикот се запишува во Централниот депозитар за хартии од вредност во рок од 10 дена од донесувањето на одлуката.

Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 24 јули 2025 година донесе Одлука бр. 50-6306/18 за пренос на сопственичката структура преку пренос на акции на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје од Министерството за транспорт на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.

Акциите на АД МЕПСО Скопје се во сопственост на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и истите се запишани во Централен депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија на 04 август 2025 година, а врз основа на член 308 ставови (1) и (2) од Законот за енергетика. Согласно член 134, став (2) од Законот за енергетика* Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како единствен акционер во Собранието на акционери на АД МЕПСО Скопје е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на друштвото. Членовите на органот на надзор, односно управување на операторот на електропреносниот систем се самостојни во постапката за донесување на одлуки согласно закон и не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно орган на управување на друштвата кои вршат производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија или друштва кои имаат можност за диретно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

Правата и обврските на Собранието на АД МЕПСО Скопје ги врши Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како единствен акционер. Собранието на акционери своите права и обврски ги врши на начин утврден со член 383 од Законот за трговски друштва и Статутот на АД МЕПСО Скопје. Врз основа на член 47 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е утврдено дека со работата на министерството раководи министер, а според член 49 од овој закон министерот го претставува министерството, согласно наведеното со Собранието на акционери претседава министерот за Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, а во случај на негово отсуство или спреченост претседава лице од него ополномоштено на начин и во постапка предвидена согласно член 392 од Законот за трговски друштва.

Собранието на акционери се свикува во случаите определени со Закон за трговски друштва, како и кога тоа го бара интересот на АД МЕПСО Скопје и на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Собранието на акционери одлучува само за прашања изречно определени со Законот за трговски и друштва и Статутот на АД МЕПСО Скопје а особено за:

- Измена на Статутот на АД МЕПСО Скопје,
- Одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работа на АД МЕПСО Скопје во претходната деловна година и одлучувањето за распределба на добивката,
- Избор и отповикување на членовите на надзорен одбор,
- Промена на правата врзани за одделни видови и родови акции,
- Одобрување на работата и на водењето на работењето со АД МЕПСО, на членовите на управниот одбор и надзорниот одбор,
- Зголемување и намалување на основната главнина на друштвто,
- Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АД МЕПСО Скопје
- Преобразба на АД МЕПСО Скопје во друга форма на друштво и за статусните промени на АД МЕПСО Скопје,
- Престанување на АД МЕПСО Скопје, и
- Одлучување за покривање на загубата.

Од друга страна, Собранието на акционери не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на работењето на друштвото што се во надлежност на органите на управување.

Во рамките на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со број 04-902/4 од 23.01.2026 година, функционира Секторот за нормативно правни и организациони работи, во чиј состав постои одделение за нормативно-правни работи.

Во рамките на овој сектор се опфатени повеќе работни задачи и обврски, во кои меѓудругото и работни задачи кои произлегуваат од Законот за енергетика, а се однесуваат на сопственоста и управувањето на акциите на АД МЕПСО Скопје, и тоа:

- обезбедување на доследна примена на законите, подзаконските акти и другите општи прописи во врска со правните прашања од надлежност на Министерството;
- организирање на подготовката на сите документи поврзани со организационите прашања од надлежност на Министерството;

Во рамките на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, согласно Правилникот за систематизација на работните места, постои сектор Електроенергетика, кој е составен од три одделенија, и тоа:

- Одделение за пазар на електрична енергија и ранливи потрошувачи на енергија
- Одделение за проекти, производство и снабдување со електрична енергија и
- Одделение за развој на проекти и следење на состојбите во електропреносениот и електродистрибутивниот систем.

Вработените во Одделението за проекти, производство и снабдување со електрична енергија кои се задолжени за развој и спроведување на политиките за производство и снабдување со електрична енерија според Правилникот за систематизација имаат јасно дефинирани работни задачи и обврски кои меѓудругото се однесуваат и на:

- Координација на подготовката на закони, подзаконски акти и регулатива од областа на производството и снабдувањето со електрична енергија;
- Координација и учество во подготовка и реализација на проекти за унапредување на производството и снабдувањето со електрична енергија;
- Подготовка на целокупна проектна и техничка документација;
- Соработка со надлежни институции за обезбедување дозволи и други потребни документи за реализација на проектите;
- Следење на реализацијата на проекти и подготовка на извештаи за нивната реализација;
- Следење на состојбите во областа на производството и снабдувањето со електрична енергија;
- Изработка на анализи, информации и други стручни материјали;
- Предлагање мерки и активности за унапредување на производството и снабдувањето со електрична енергија;
- Подготовка и унапредување на техничка документација и прописи од областа на производството и снабдувањето;
- Учество во усогласување на националната регулатива со регулативата на Европската Унија;
- Организација на работата на работни тела и подготовка на предлог-заклучоци;
- Извршување и на други работи и задачи од делокругот на одделението

III.1.1.2. Надзорен и управен одбор

Управувањето со АД МЕПСО Скопје  е организирано во двостепен систем со надзорен одбор и управен одбор. Надзорниот одбор врз основа на Законот за трговски друштва и Статутот на АД МЕПСО Скопје, врши контрола и надзор над работата на управниот одбор, и согласно Статутот управниот одбор има најшироки овластувања за одлучување и управување со АД МЕПСО Скопје. Членовите на надзорниот одбор ги избира собранието на акционери на АД МЕПСО Скопје, додека членовите на управниот одбор ги избира надзорниот одбор. Управниот одбор е составен од претседател на управниот одбор кој воедно е и генерален директор, заменик на генералниот директор, како и директори на секторите и подружниците во состав на АД МЕПСО Скопје.

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со АД МЕПСО Скопје. Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на АД МЕПСО Скопје, како и имотот, особено благајната и хартиите од вредност.

Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје се состои од седум членови, од кои два члена се независни. При изборот на членовите на надзорниот одбор се назначува кои членови се избираат како независни членови на надзорниот одбор. Надзорниот одбор од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на надзорниот одбор избира претседател на надзорниот одбор. Мандатот на членовите на надзорниот одбор изнесува четири години.

Согласно  Законот за трговски друштва независен член е:

25) „Независен неизвршен член на одборот на директори, односно на надзорниот одбор" е физичко лице коешто, односно на чијшто член на потесното семејство: (1) во последните пет години немало материјален интерес или деловен однос со друштвото, директно, како деловен партнер, како член на орган на управување, орган на надзор или како раководно лице; (2) во последните пет години нема примено или не прима дополнителни примања освен плата од друштвото; (3) нема блиски семејни врски со некој од членовите на органите на управување, органот на надзор или од раководните лица на друштвото и (4) не е акционер кој поседува повеќе од една десеттина од акциите на друштвото или не застапува акционер кој поседува повеќе од една десеттина од акциите на друштвото;

Согласно член 378 од Законот за трговски друштва:

(1) Надзорниот одбор има најмалку три, а најмногу 11 члена.

(2) Собранието ги избира членовите на надзорниот одбор. При изборот на членовите на надзорниот одбор се назначува кои членови се избираат како независни членови на надзорниот одбор.

(3) Ако надзорниот одбор има до четири члена, најмалку еден од членовите е независен член. Ако надзорниот одбор има повеќе од четири члена, најмалку една четвртина од неговите членови се независни членови на надзорниот одбор.

(4) Надзорниот одбор во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како среден или голем трговец, може да има најмалку три, а најмногу седум членови од кои двајца се независни членови.

(5) Надзорниот одбор во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како микро или мал трговец, може да има најмалку три, а најмногу пет членови од кој еден е независен член.

Согласно член 378-а од Законот за трговски друштва:

(1) За член на надзорен одбор во акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има минимум три години работно искуство;

(2) За независен член на надзорен одбор во акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата може да биде именувано лице кое покрај условите од ставот (1) точки 1), 2) и 3) на овој член треба да има најмалку четири години работно искуство.

(3) Во акционерското друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата треба да има:

- најмалку еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење или со работно искуство од областа на правните работи, доколку се работи за друштво класифицирано како микро или мал трговец или

- најмалку еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење и еден независен член со работно искуство од областа на правните работи, доколку се работи за друштво класифицирано како среден трговец или голем трговец.

Во постапката за избор, кандидатите доставуваат податоци за (образование, искуство, функции, немање на забрани за избор во смисла на одредбите од член 115 став (3) точка 4. од Законот за енергетика * и Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), според кој согласно член 44 став (4) „Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал” и став (5) согласно кој „Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице со доминантен државен капитал не може да врши функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит’’.

На седницата на Собранието на акционери на АД МЕПСО Скопје одржана на 26 јули 2024 година, врз основа на член 383 став (1) точка 3), член 363 ставови (1) и (3), како и член 390 став (4) од Законот за трговските друштва, а во врска со член 72 ставови (1) и (2) од Законот за енергетика, Министерството за транспорт и врски во својство на сопственик на АД МЕПСО Скопје донесе Одлука за отповикување и избор на членови на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје со која за членови на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје се избрани:

- Јован Лазарев - член на надзорен одбор,
- Али Исмаиљ- член на надзорен одбор,
- Агрон Рустеми- член на надзорен одбор,
- Елизабета Гиовска- член на надзорен одбор,
- Зоран Тодоровски- член на надзорен одбор,
- Звонко Бошков- член на надзорен одбор,
- Симона Домазетовска Марковска- член на надзорен одбор,

Јован Лазарев е избран за претседател на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје.

Претседателот на надзорниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив и е одговорен за водење на евиденција на состаноците и за организацијата на други начини на работа и одлучување на надзорниот одбор. Ако претседателот на надзорниот одбор од кои да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со состаноците на надзорниот одбор претседава член на надзорниот одбор избран со мнозинство гласови од присутните членови на надзорниот одбор. Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување на состанок, ако сите членови дадат согласност за одлуката која што се донесува без одржување на состанок. Надзорниот одбор работи ако се присутни најмалку половина од вкупниот број на членови.

Надзорниот одбор може во секое време да го разреши претседателот и да избере нов претседател на надзорен одбор.

Одлуките на надзорниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половина од вкупниот број на членови на надзорниот одбор.

Претседателот на управниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив и е одговорен за водење на записникот и за организацијата на други форми преку кои управниот одбор одлучува и работи. Ако претседателот на управниот одбор од кои да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со состаноците на управниот одбор претседава член на управниот одбор именуван од надзорниот одбор.

Управниот одбор може да одлучува и без одржување на состанок, ако сите членови дадат согласност за одлуката која што се донесува без одржување на состанок.

Управниот одбор работи ако се присутни најмалку половина од вкупниот број на членови.

Одлуките на управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половина од вкупниот број на членови на управниот одбор.

Согласно член 19 од Статутот на АД МЕПСО Скопје , Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје ги има следните надлежности:

- донесува програма за развој, годишен план за работа и годишен финансиски план на АД МЕПСО,
- ја утврдува деловната политика,
- на барање на Собранието на акционери подготвува општи акти и одлуки чие донесување е во надлежност на Собранието на акционери,
- назначува раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на АД МЕПСО Скопје,
- поднесува иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на АД МЕПСО Скопје,
- донесува одлуки за инвестиции
- донесува одлуки за давање односно земање на кредити во врска со остварување на Планот,
- одобрува склучување на договори од поголемо значење и со подолг период на траење,
- одлучува за внатрешната организација на АД МЕПСО и систематизација на работните места,
- подготвува предлог електроенергетски биланс,
- одлучува за употреба на посебна резерва,
- донесува програма за економски, технолошки, структурални и други промени кои предизвикуваат потреба од намалување на бројот на вработените,
- одлучува за прашања од областа на одбраната и донесува електроенергетски биланс во услови на војна,
- одлучува по приговорите за заштита на правата на работниците, во случаи утврдени со закон,
- одлучува за преземање на мерки за заштита при работа и противпожарна заштита,
- одлучува за преземање на електроенергетски објекти,
- донесува програми и мерки поврзани со заштита на животната средина,
- се грижи и презема потребни дејствија за исполнување на со закон пропишани обврски на АД МЕПСО Скопје,
- одлучува за именување и разрешување на членовите на комисиите, предвидени со актите на АД МЕПСО Скопје,
- одлучува за вршење на попис на средствата, побарувањата и обврските,
- формира комисии од редот на членовите на управниот одбор и од други лица,
- одлучува за набавка на основни средства,
- одлучува за расходување и отуѓување на основи средства,
- одлучува за издавање на основните средства на АД МЕПСО Скопје под закуп,
- ги определува работните места на кои странски државјани не можат да засноваат работен однос,
- ги утврдува работните места со услови на работа потешки од нормалните,
- одлучува за барањата од надлежни органи и институции,
- ги определува овластените потписници на АД МЕПСО Скопје,
- одлучува за склучување на колективен договор,
- донесува Деловник за работа,
- донесува одлуки за финансиска помош, спонзорства и донации,

- поднесува извештај за работењето до надзорниот одбор еднаш на три месеци,
- поднесува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на АД МЕПСО Скопје по истекот на деловната година, и
- врши и други работи кои не се во надлежност на Собранието и надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје.

Со претходно одобрение на надзорниот одбор, управниот одбор одлучува и за:

- затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на АД МЕПСО Скопје
- намалување или проширување на предметот на работење на АД МЕПСО Скопје,
- суштествени внатрешни организациони промени на АД МЕПСО Скопје што се определуваат со акт на АД МЕПСО Скопје,
- воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за АД МЕПСО Скопје или нејзино прекинување,
- основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десетина во основната главнина на АД МЕПСО Скопје,
- основање и престанување на подружници на друштвото,
- донесување на годишна инвестициона програма, план за јавни набавки, доделување на финансиска помош како што се заеми, донации, спонзорства, за износи над 50.000 ЕУР во денарска противвредност, и
- склучување на голема зделка која се однесува на имот чијашто проценета вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на АД МЕПСО Скопје.

Со одлуката за избор на членовите на управниот одбор, еден од членовите на управниот одбор се именува за претседател, еден за заменик и се определува кој член на управниот одбор ќе биде задолжен за која област од работењето на АД МЕПСО Скопје. Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје на 29 јули 2024 година донесе одлуки за отповикување и за избор на членови на управниот одбор на АД МЕПСО Скопје :

- Burim Latifi - претседател на управен одбор на АД МЕПСО Скопје и генерален директор, избран со Одлука донесена од страна на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-5112/2-1,
- Александар Пауноски - член на управен одбор и заменик на генерален директор, избран со Одлука донесена од страна на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-5112/2-2,
- Мартин Малиновски - член на управен одбор и директор за правни и општи работи во дирекција, избран со Одлука донесена од страна на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-5112/2-3,
- Сашко Лакински - член на управен одбор и директор за управување за електропреносниот систем, избран со Одлука донесена од страна на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-5112/2-5,
- Васе Јовевски - член на управен одбор и директор за пренос на електрична енергија, избран со Одлука донесена од страна на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-5112/2-6

- Иван Иванов - член на управен одбор и директор за информациони технологии и телекомуникации во дирекција, избран со Одлука донесена од страна на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-5112/2-6,
- Анастасија Илиеска - член на управен одбор и директор за финансиски работи во дирекција, избран со Одлука донесена од страна на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-5112/2-4,

На 29 јули 2024 година Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје ги донесе следните одлуки:

- Одлука на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр.02-5112/1-1 од 29 јули 2024 година, за отповикување на Zuhdi Enus од функцијата претседател на управниот одбор и генерален директор на АД МЕПСО Скопје,
- Одлука на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр.02-5112/1-2 од 29 јули 2024 година, за отповикување на Никола Рилак од функцијата член на управниот одбор и заменик на генерален директор на АД МЕПСО Скопје,
- Одлука на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр.02-5112/1-3 од 29 јули 2024 година, за отповикување на Bilen Saliji од функцијата член на управниот одбор и директор на Сектор за правни и општи работи на АД МЕПСО Скопје,
- Одлука на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр.02-5112/1-4 од 29 јули 2024 година, за отповикување на Љупчо Зиков од функцијата член на управен одбор и директор за финансиски работи во дирекција на АД МЕПСО Скопје.
- Одлука на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-5112/1-6 од 29 јули 2024 година, за отповикување на Томи Божиновски од функцијата член на управен одбор и директор за информациони технологии и телекомуникации во дирекција на АД МЕПСО Скопје,
- Одлука на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-5112/1-5 од 29 јули 2024 година, за отповикување на Гоце Михајловски од функцијата член на управен одбор и директор на подружница ОЕПС на АД МЕПСО Скопје,
- Одлука на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје НО бр. 02-5112/1-6 од 29 јули 2024 година, за отповикување на Зоран Илиоски од функцијата член на управен одбор и директор на подружница ОПМ на АД МЕПСО Скопје,

Врз основа на дополнително доставената документација, управниот одбор на АД МЕПСО Скопје, го сочинуват следните членови:

- Бурим Латифи, претседател на управен одбор
- Александар Пауноски, заменик претседател и член на управен одбор,
- Сашко Лакински, член на управен одбор,
- Васе Јовевски, член на управен одбор,
- Анастасија Илиеска, член на управен одбор,
- Иван Иванов, член на управен одбор,
- Ибрахими Ибраими, член на управен одбор

Мандатот на членовите на управниот одбор изнесува четири години.

Имајќи го во предвид поширокиот контекст во однос на независноста и изборот на членовите на Надзорниот одбор како обврска во Реформската агенда во Област на политика 4. ПСД и Деловно опкружување во точка 4.1.5. Реформа на управувањето со претпријатијата во државна сопственост утврдена е потребата и воведена обврска за Измена на Законот за трговски друштва за воведување нови правила за назначување на независни членови на одбори на трговските друштва во државна сопственост. Со предложените законските измени се предвидува оптимизирање на бројот на независни членови во управните и надзорните одбори на трговските друштва во државна сопственост, се утврдуваат критериумите и условите за нивно именување во однос на потребното образование и работно искуство.

Согласно утврдената законска рамка Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини согласно член 20-а од Законот за организација и работа на органите на државната управа став (1), алинеја 3 помеѓу другото ги врши и работите што се однесуваат на спроведувањето на постапки за селекција и именување на органите на раководење, управување и надзор во правните лица од областа на енергетиката во целосна или доминантна државна сопственост, додека Законот за трговските друштва ги утврдува критериумите и условите за нивно именување.

III.1.1.3. Службеник за усогласеност

Согласно член 136 став (2) од Законот за енергетика*, надзорниот одбор по претходно одобрение на Регулаторната комисија за енергетика го именува Службеникот за усогласеност.

Согласно член 74, став (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19,236/22,134/24,147/24), Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр. 02-1709/1 од 31 август 2018 година ги одобри условите со кои се уредува мандатот и условите за вработување на службеникот за усогласеност, вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат или вработување, со цел да се обезбедат независноста, како и сите потребни услови за остварување на неговите овластувања и извршување на неговите должности.

Согласно член 74, став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19,236/22,134/24,147/24) АД МЕПСО Скопје на 02 ноември 2023 година со допис бр. 03-5643/3, достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика предлог за назначување на Саша Максимовски за службеник за усогласеност во АД МЕПСО Скопје, заведено со бр. 12-2308/1 од 3 ноември 2023 година.

Во прилог на дописот, АД МЕПСО Скопје достави:

- Одлука на Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје бр.02-6481/2 од 02 ноември 2023 година со која се именува д-р Саша Максимовски за службеник за усогласеност во АД МЕПСО Скопје, а која ќе произведе правно дејство по одобрување на назначувањето од страна на Регулаторната комисија за енергетика, Одлуката бр.02-6481/2 од 02 ноември 2023 година е донесена од Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје по

спроведување на конкурс за именување на службеник за усогласеност бр.02-6010/4 од 12 октомври 2023 година.

- Одлука на Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје бр. НО.02-6010/4 од 12 октомври 2023 година со која се усвојува текстот на Јавниот оглас за пријавување на кандидати за именување на службеник на усогласеност на АД МЕПСО Скопје подготвен во согласност со член 4 од Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на службеникот за усогласеност бр. 02-945 од 11 февруари 2019 година и Одлуката од Надзорниот одбор НО. Бр. 02-5628/5 од 20 септември 2023 година
- Јавен оглас за именување на службеник за усогласеност бр. 04-6053 од 12 октомври 2023 година,
- Комерцијален оглас објавен во дневни весници „Нова Македонија" и „Koha" од 14 октомври 2025 година,
- Извештај по спроведен јавен оглас согласно Одлука НО. Бр. 02-6010/4 од 12 октомври 2023 година бр. 04-6053/1 од 30 октомври 2023 година изготвен од страна на комисија за спроведување на јавен оглас.
- и дополнителна документација за Саша Максимовски вклучувајќи и лична биографија.

Во член 35-в од Статутот на АД МЕПСО Скопје се пропишани условите кои треба да исполнува лице за да биде назначено за службеник за усогласеност:

За Службеник за усогласеност Надзорниот одбор именува лице кое мора:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да не е осудуван со правосилна судска одлука;
- да не му е изречена казна забрана за вршење на
- професија или дејност;
- да има завршено ВСС (дипломиран електро инжинер, дипломиран економист или дипломиран правник) со најмалку 240 ектс;
- да има најмалку 5 (пет) години работен стаж;
- да има најмалку 5 (пет) години работно искуство на работи во областа на електроенергетски дејности и/или пазар на електрична енергија;
- активно да го владее англискиот јазик и да поседува сертификат, уверение или диплома за истото.

Со Правилникот за систематизација на работните места во АД МЕПСО Скопје уредени се општите, посебните услови и други дополнителни услови кои треба да ги исполнува службеникот за усогласеност. Согласно член 22 од овој Правилник пропишани се следните услови:

- Високо образование, Електротехнички/Економски/Правен факултет,
- VII1 степен или VIA/ VII 240-300 ектс
- 5 години работно искуство , од кои 5 години работно искуство на работи во областа на електроенергетски дејности и/или пазар на електрична енергија,
- познавање на прописите од областа на пазар на електрична енергија,
- да не извршува друга професионална дејност,
- активно владеење на англискиот јазик (да поседува сертификат, диплома или уверение за истото)

број на извршители 1

Во Јавниот оглас за именување на службеник за усогласеност бр. 04-6053 од 12 октомври 2023 година покрај општите и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот утврдени се и дополнителни услови како што следи:

- да има најмалку 5 години работно искуство во областа на електроенергетски дејности и /или пазар на електрична енергија,
- да ги познава прописите од областа на пазар на електрична енергија
- да не извршува друга професионална дејност
- да нема интерес или било каков деловен однос, директно или индиректно со Друштвото од електроенергетскиот сектор и или со нивни содружници или акционери
- да нема никаков работен удел или друга финансиска корист во друштва од енергетскиот сектор

Согласно Органограмот на АД МЕПСО Скопје Службеникот за усогласеност на АД МЕПСО Скопје е поставен под Надзорниот одбор и е посебна организациона единица.

Со Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје за 2025 година одборен од страна на Регулаторната комисија за енергетика јасно и недвосмислено произлегува дека службеникот за усогласеност ги исполнува своите законски обврски и надлежности. Редовно ја информира Регулаторната комисија за енергетика за сите отворени прашања од делокругот на работењето на операторот, а особено за неговото редовно учество на состаноците на Надзорниот одбор и управниот одбор, со цел првенствено обезбедување на независност на вршење на дејноста во однос на другите енергетски дејности како и недискриминаторен третман на корисниците на системот.

На 13 ноември 2023 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која донесе Решение за одобрување на назначување на Саша Максимовски за службеник за усогласеност на АД МЕПСО Скопје бр. 12-2308/2 од 13 ноември 2023 година.

Службеникот за усогласеност во рамки на своите овластувања утврдени согласно Законот за енергетика, Статутот на АД МЕПСО Скопје и Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на службеникот за усогласеност е должен:

- континуирано да ги следи и оценува деловните активности на надзорниот одбор и управниот одбор на АД МЕПСО Скопје заради процена и утврдување на нивната независност при постапувањето, како и заради процена на ризикот од евентуална неусогласеност на нивните активности со важечките законски и/или подзаконски прописи, Програмата за усогласеност, Статутот и другите акти на АД МЕПСО Скопје,
- да прави процена на изложеноста на ризик од појава на било каков облик на перење на пари и/или корупција и да презема мерки за превенција и нивно спречување во согласност со важечките законски прописи за спречување на корупција и за спречување на перење пари. За оваа цел соработува со внатрешната ревизија и стручните служби на АД МЕПСО Скопје,
- да го извести надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје во одредени ситуации доколку има потенцијален или постоечки судир на интереси на вработените во АД МЕПСО Скопје,

- да обезбеди консултации во однос на спречување и/или отстранување на постоечкиот судир на интереси, како и да предлага превентивни и/или корективни мерки,
- да врши едукација, советување, обуки и информирање на надзорниот одбор, управниот одбор и вработените на АД МЕПСО Скопје со цел законито постапување во согласност со начелата за независност, транспарентност и непристрасност при работењето, превенција од секаков облик на перење на пари и/или корупција, како и имплементација и почитување на Програмата за усогласеност,
- да присуствува на седниците на управниот одбор на АД МЕПСО Скопје доколку согласно доставениот дневен ред за таа седница процени дека се содржани точки кои се во рамките на неговите обврски и овластувања, и дека е потребно да присуствува на истата,
- да присуствува на седниците на надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје доколку согласно доставениот дневен ред за таа седница процени дека се содржани точки кои се во рамките на неговите обврски и овластувања, и дека е потребно да присуствува на истата,
- да присуствува на седниците на управниот и надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје кога се одлучува за:
    - условите поврзани со услугите за пристап и користење на електропреносниот систем кои се однесуваат на цените за користење, распределбата на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата,
    - проектите поврзани со управување, одржување и развој на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и инвестициите во интерконективните водови, и
    - набавката или продажбата на електрична енергија неопходна за функционирање на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.
- да го следи исполнувањето на обврските на вработените за реализација на Програмата за усогласеност,
- да осигурува безбедно, одговорно и соодветно управување со податоците водејќи сметка за доверливост на истите, како и за заштита на личните податоци согласно позитивните законски и подзаконски прописи,
- да врши проценка  за потребата од измена и дополнување на интерните акти на АД МЕПСО Скопје и да предлага донесување на нови интерни акти,
- да соработува со секторите/подружниците во АД МЕПСО Скопје и нивните стручни оддели/служби/одделенија,
- да ја следи усогласеноста на процесот на работа во АД МЕПСО Скопје согласно Законот за енергетика и другата позитивна законска регулатива и каде е што е потребно да презема дополнителни корективни мерки и активности,
- да врши и други работи согласно Законот за енергетика, Статутот на АД МЕПСО Скопје  и Програмата за усогласеност.

Согласно член 136 став (4) од Законот за енергетика, надзорниот одбор може, по претходно одобрение од Регулаторната комисија за енергетика, да го разреши службеникот за усогласеност. По барање на Регулаторната комисија за енергетика, надзорниот одбор го разрешува службеникот за усогласеност заради неисполнување на условите за независност или стручност.

III.1.1.4. Организациска структура

Согласно Правилникот за внатрешна организација на АД МЕПСО Скопје, работите и задачите се групирани според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна поврзаност и другите карактеристики на работите и задачите, видот и степенот на стручна подготовка и другите услови потребни за нивното извршување. Со внатрешната организација на друштвото утврдени се следните организациони облици:

1) Службеник за усогласеност

2) Дирекција на друштвото во рамки на која се формирани следните организациони единици:

- кабинет на генерален директор,
- кабинет на заменик генерален директор,
- сектор за правни и општи работи,
- сектор за финансиски работи, и
- сектор за информациони технологии и телекомуникации.

3) АД МЕПСО Скопје своето работење го извршува преку две подружници:

- подружница оператор на преносна мрежа и
- подружница оператор на електропреносен систем.

Во рамки на подружниците се предвидени следните организациони единици: кабинет, оддел, служба, одделение и друго.

4) Човечки ресурси

Заклучно со 31 јули 2025 година, вкупниот број на вработени, во поодделни сектори изнесува 640 лица од кои:

- 2 службеник за усогласеност (високо образование)
- 90 вработени во кабинетот на генералниот директор  и змаеник генерален директор (80 вработени со високо образование, 10 вработени со средна стручна спрема),
- 274 лица во подружница оператор на пренос на мрежа (57 вработени со високо образование, 217 вработени со средна стручна спрема),
- 61 лица се вработени во подружница оператор на електропреносен систем (55 вработени со високо образование, 6 вработени со средна стручна спрема),
- 61 лица се вработени во секторот за финансиски работи (42 вработени со високо образование, 19 вработени со средна стручна спрема),
- 31 во секторот за информациони технологии и телекомуникации (20 вработени со високо образование, 11 вработени со средна стручна спрема), и
- 121 вработени во секторот за правни и општи работи (55 вработени имаат високо образование, 66 вработени се со средна стручна спрема).

Структурата на вработените во АД МЕПСО Скопје по вид и степен на образование е следна:

- 105 електро инженери,

- 18 машински инженери,
- 13 градежни инженери,
- 22 правници,
- 55 економисти,
- 101 вработени со друг вид високо образование, и
- 326 вработени со средна стручна спрема.

Членовите на управниот одбор се со следното образование: 3 електро инженери, 1 машински инженер, 1 правник, 2 економисти,.

Во член 3 став (3) точка 12) од Правилникот за сертификација е предвидено дека вработените кои преминале во АД МЕПСО Скопје, а извршувале раководни функции или биле членови на органи на управување, односно органи на надзор во друштва кои вршеле енергетска дејност производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас, во периодот од две години пред поднесување на барањето за сертификација, треба да доставаат изјава дека нема да пренесуваат деловно чувствителни информации на друштвата кои вршат производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас. Во периодот од 31 јули 2024 година и тековно, Стевче Антовски е член на надзорен одбор на АД ЕСМ Скопје. Како вработен во АД МЕПСО, кој во периодот од две години пред поднесување на барањето за сертификација бил член на надзорен одбор на друштво кое врши енергетска дејност производство на електрична енергија во прилог на барањето за сертификација е доставена изјава од Стевче Антовски дека нема да пренесува деловно чувствителни информации на друштвото кое врши енергетска дејност производство на електрична енергија - АД ЕСМ Скопје.

III.1.1.5. Лиценци

АД МЕПСО Скопје е носител на лиценци за:

- вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија издадена со Одлука од 14 ноември 2005 година, изменета со Одлука од 21 март 2017 година и изменета со Одлука од 12 јули 2019 година, која е со рок на важност до 14 ноември 2040 година.

Согласно член 133 став (4) од Законот за енергетика*, друштвото кое поседува лиценца за вршење на дејноста пренос на електрична енергија не може да има лиценци и не може да биде вклучено во вршење на дејностите производство, дистрибуција, складирање, трговија и снабдување со електрична енергија, како и не може да има лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

III.1.1.6. Обврски на АД МЕПСО Скопје како оператор на електропреносниот систем

Операторот на електропреносниот систем, во согласност со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*, има обврска:

- да ги приклучи на електропреносната мрежа производителите, операторите на складишта и потрошувачите на електрична енергија, како и електродистрибутивните системи вклучувајќи ги и затворените електродистрибутивни системи во Република Северна Македонија,како и да им овозможи зголемување на одобрена моќност на веќе приклучени производители, складишта и потрошувачи на електрична енергија, како и електродистрибутивните системи во Република Северна Македонија и да ги објави на својата веб-страница условите и надоместоците за приклучување како и овозможување на зголемување на одобрена моќност;
- да ги објави на својата веб-страница или на друг начин да им ги обезбеди сите информации потребни за пристап, како и тарифите за пренос на електрична енергија и да им обезбеди пристап на електропреносниот систем на сите корисници;
- во секое време да има на располагање материјални, технички и човечки ресурси, како и финансиски средства потребни за исполнување на неговите обврски;
- да склучи договори со операторите на соседните електропреносни системи со кои е поврзан со цел да обезбеди сигурен, безбеден и квалитетен пренос на електрична енергија и размена на податоци со цел оптимално управување со електропреносната мрежа и користење на интерконективните капацитети;
- да ги прифати и обезбеди прекуграничните текови на електрична енергија преку електропреносната мрежа на Република Северна Македонија во рамки на расположливиот пренос ен капацитет;
- да учествува во изработка на регионалните ТСМ, да ги изготвува националните и да ги применува паневропските ТСМ;
- да донесува план за развој на електропреносниот систем за период од 10 години;
- да соработува со ENTSO-E и со операторите на електропреносните системи на договорните страни на Енергетската заедница и државите членки на Европската Унија во подготовката на десетгодишниот план за развој на електропреносната мрежа на Европската Унија и на усогласени регионални инвестициски планови за развој на електропреносните мрежи;
- да изготви годишен план за одржување на интерконективните водови од електропреносната мрежа, усогласен со операторите на поврзаните електропреносни системи и по одобрување од Регулаторната комисија за енергетика да го објави на својата веб- страница;
- да изработи годишен план за одржување на внатрешните водови од електропреносната мрежа, и по претходно одобрување од Регулаторна комисија за енергетика да го објави на својата веб-страница;
- да гради нови и да ги одржува и надградува постојните интерконективни водови, водејќи сметка за ефикасно искористување на постојните интерконективни капацитети, избегнување на можните внатрешни загушувања и рамнотежата помеѓу инвестициските трошоци и придобивките за потрошувачите;
- да ја обезбеди дигитализацијата на електропреносниот систем и примената на паметни мрежи, паметни системи за мерење и ефикасно собирање на податоци од системот во реално време;
- да го организира и управува пазарот на балансна енергија;
- да воспостави и води регистар на балансно-одговорни страни;

– да изработи конечен дневен распоред во соработка со операторот на пазарот на електрична енергија и да ги евидентира и чува податоците добиени во процесот на изработка на конечниот дневен распоред;
– да обезбеди дневно диспечирање со примена на моделот на самодиспечирање и управување во реално време со тековите на електрична енергија во електропреносната мрежа и интерконективните водови, водејќи сметка за целокупното производство и побарувачка на електрична енергија во Република Северна Македонија, како и за внатрешните и прекуграничните трансакции врз основа на конечниот дневен распоред;
– да обезбеди размена на податоци со операторите на други електроенергетски системи потребни за исполнување на обврските од членството во ENTSO-E и за безбедно и ефикасно управување со електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија;
– да ја поттикнува прекуграничната размена на електрична енергија со примена на имплицитни аукции за краткорочно доделување на прекугранични преносни капацитети во организираниот пазар на електрична енергија, како и со прекугранично поврзување на механизмите за размена на балансна енергија и резервна моќност;
– да објавува податоци и навремено да обезбеди информации од операторите на соседните електропреносни системи за расположливите преносни капацитети на интерконективните водови заради обезбедување на недискриминаторен, објективен и транспарентен пристап и користење на електропреносниот систем;
– да обезбеди инсталирање и одржување на мерните уреди и да ја мери електричната енергија на сите мерни места во точките на прием и испорака на електрична енергија во електропреносниот систем и да ги стави на располагање податоците од мерењата на корисниците на системот и на операторот на пазарот на електрична енергија;
– да им обезбеди пристап на корисниците на електропреносниот систем до мерните уреди што се во негова сопственост;
– да набавува системски услуги кои не се користат за регулација на фреквенција и услуги за балансирање на електропреносниот систем согласно со членот 147 од овој закон;
– да донесе правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика, како и да набавува електрична енергија согласно донесените правила;
– да набавува електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа и електрична енергија за сопствени потреби, со цел да се обезбеди сигурно и доверливо функционирање на електропреносниот систем, по пазарни услови, на транспарентен и недискриминаторен начин;
– да ги решава загушувањата во електропреносниот систем во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон;
– да обезбеди балансирање на електроенергетскиот систем по пазарни услови и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање, како и да ги обезбеди фактурирањето и наплатата на услугите за балансирање, согласно правилата за пазар на балансна енергија;
– да учествува во регионално координираната пресметка на прекугранични преносни капацитети, како и во изработката на правилата и/или методологиите за координирана пресметка на капацитети;

- да учествува во спојувањето на пазарите на електрична енергија и реализацијата на трансакциите на споените пазари, како и во изработката на правилата и/или методологиите за спојување на пазарите на електрична енергија;
- да соработува со НЕМО во постапките за определување на редоследот за диспечирање на производните постројки и потрошувачите за управување со загушувањата во споените пазари на електрична енергија;
- да обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на електропреносниот систем.
- да води диспечерска книга, записи за доверливоста на електропреносниот систем, податоци од системот за надзор и управување како и мерни податоци, и да ги чува најмалку 10 години;
- да води евиденција за работењето на електропреносниот систем и по барање на Регулаторната комисија за енергетика да и овозможи пристап до податоците;

Операторот на електропреносниот систем може привремено да ја прекине испораката на електрична енергија преку електропреносниот систем:

- по претходна најава, при вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширувања на мрежите, уредите и инсталациите, приклучување на нови корисници на електропреносниот систем и
- без најава во случај на потреба од спречување на хаварии и други ризици од нарушувања во електроенергетскиот систем или во случај на виша сила.

Операторот на електропреносниот систем, заедно со останатите оператори на електропреносни системи, е должен пред поднесувањето на предлогот регионални ТСМ, или нивни измени и дополнувања, да врши консултации:

- во период не покус од еден месец, со засегнатите учесници на пазарот на електрична енергија, корисници на електропреносниот систем и потрошувачи во Република Северна Македонија и доколку е потребно да врши консултации на регионално ниво со засегнатите договорни страни на Енергетска заедница и засегнатите држави членки на Европската Унија.
- по спроведените консултации, предлогот го доставува до сите оператори на електропреносни системи кои се засегнати со неговата примена;
- утврдува предлог во кој ги зема предвид забелешките добиени во консултациите, кој го доставува до Регулаторната комисија за енергетика на одобрување и
- кон предлогот, доставува и образложение за прифаќање или неприфаќање на забелешките добиени во текот на консултациите, кое го објавува на својата веб-страница пред или истовремено со објавувањето на усвоениот предлог.

Операторот на електропреносниот систем може да пресметува договорени размени како резултат на поединечно спојување во тековниот ден за што изработува предлог за заедничка методологија за пресметката. Предлог за заедничка методологија е предмет на јавни консултации со

засегнатите страни, вклучувајќи ги и релевантните тела на секоја договорна страна на Енергетската заедница и држава членка на Европската Унија.

III.1.1.7. Учество во регионални и меѓународни асоцијации и друштва кои вршат енергетски дејности

АД МЕПСО Скопје е полноправен член на Европската мрежа на оператори за пренос на електрична енергија (во понатамошниот текст: ЕНТСО-Е). Во ЕНТСО-Е членуваат 40 преносни систем оператори од 36 земји во Европа и два оператори на електропреносни системи од две земји.

Договорот за полноправно членство на националниот електро преносен систем-оператор е потпишан во Брисел во 2008 година, со почеток на важност од 1 јули 2009 помеѓу генералните директори на 42 оператори на електропреносни системи на електрична енергија од 34 земји на Европа. А.Д. МЕПСО Скопје е полноправен член на ЕНТСО-Е, со право на глас. Главна цел на ЕНТСО-Е е да одговори на предизвиците на промените на електроенергетскиот систем истовремено обезбедувајќи сигурност во снабдувањето.

АД МЕПСО Скопје во прилог на барањето за сертификација достави список на друштва коишто вршат енергетски дејности и коишто се поврзани со АД МЕПСО Скопје.Согласно наведениот список АД МЕПСО Скопје е основач и има контрола и влијание врз работата на следните правни лица:

- Електроенергетски координативен центар ДОО (во понатамошниот текст: ЕКЦ), со седиште во Белград, каде што АД МЕПСО Скопје има еднаков удел како и другите основачи во износ од 49.548,31 евра што претставува учество од 25,00% од вкупниот основачки влог,
- Канцеларија за координирани аукции на прекугранични преносни капацитети во Југоисточна Европа (во понатамошниот текст: SEE CAO) со седиште во Подгорица, каде што АД МЕПСО Скопје учествува со еднаков влог како и преостанатите основачи во износ од 40 000 ЕВРА, што претставува 12,5 % од вкупниот основачки влог, и
- Национален оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје (во натамошниот текст: МЕМО ДООЕЛ Скопје) каде што АД МЕПСО Скопје е основач и единствен сопственик.

ЕКЦ како консултантска компанија е основана во 1993 година со цел координирање на работењето на електроенергетските системи на Црна Гора, Србија и Република Македонија, Основачи на ЕКЦ се четирите оператори на електропреносните системи на Црна Гора, Србија, Република Српска и Република Македонија. ЕКЦ прерасна во веродостојна консултантска куќа на територија на Југоисточна Европа, истовремено обезбедувајќи континуирана експертска поддршка на основачите, односно на АД МЕПСО Скопје и другите сопственици, и во оперативната работа и во областа на стратешкото планирање.

SEE CAO е основана во 2014 година со потпишување на Договорот за основање на SEE CAO, на состанокот на Одборот на директори, одржан во Измир, Република Турција, во март 2014 година, од страна на операторите на електропреносните оператори на Турција, Грција, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово. АД МЕПСО Скопје на 31.05.2016 година склучи договор со

кој стана основач и содружник во SEE CAO. SEE CAO претставува регионална компанија која организира аукции за закуп на расположливи прекугранични капацитети.

АД МЕПСО Скопје врз основа на член 237 точка 9 од Законот за енергетика донесе одлука бр. 02-5479/1 од 31.08.2018 година за основање на друштвото МЕМО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Максим Горки“ бр.4, Скопје. МЕМО ДООЕЛ Скопје, кое е запишано во Централниот регистар на Република Македонија, на 8 октомври 2018 година.

Правните лица во кои АД МЕПСО има учество, не вршат дејност производство, дистрибуција, складирање, трговија или снабдување со електрична енергија и ниту едно од нив не е носител на лиценца вршење на овие дејности, што може да се потврди со соодветна документација издадена од трговскиот регистар на деловните субјекти од местото каде е регистрирана канцеларијата на тие правни лица.

Согласно член 115 став (1) и (2): Друштвото кое поседува лиценца за вршење на дејноста организација и управување со пазарот на електрична енергија не може да биде носител на лиценца и не може да учествува во производството, складирањето, преносот на електричната енергија и управувањето со електропреносниот систем, дистрибуцијата, трговијата, снабдувањето со електрична енергија. Во случај кога операторот на пазарот на електрична енергија е во сопственост на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија ја обезбедува својата функционална независност од операторот на електропреносниот систем во поглед на правната форма, организацијата и одлучувањето согласно програмата од членот 135 од Закон за енергетика*.

#### III.1.1.8. Остварување на приходи при вршење на регулирана енергетска дејност пренос на електрична енергија

Согласно Законот за енергетика*, АД МЕПСО Скопје како оператор на електропреносниот систем остварува приходи од:

- приходи остварени од прекугранични текови на електрична енергија
- приходи остварени од пренос на електрична енергија
- приходи остварени од настанати загушувањата во електропреносните системи
- приходи остварени од услуги за балансирање
- приходи остварени во рамки на процесот на компензација меѓу оператори на преносен систем
- приходи остварени од надоместоци за приклучување на корисниците на електропреносниот систем
- приходи остварени од надоместокот за користењето на електропреносниот систем кои го плаќаат корисниците на електрична енергија приклучени на електропреносната мрежа
- приходи остварени од продажба на вишоци на електрична енергија набавени согласно член 140 став (1) точки 22 и 24 од Законот за енергетика*
- приходи од давање на користење на електропреносната инфраструктура согласно со членот 262 од Законот за енергетика*
- преостанати приходи по распределбата на приходите од загушувањата од член 158 став (5) од Законот за енергетика*

– приход остварен од наплата на надоместокот за измена на енергетските параметри определени во решението за приклучување на постоечки корисник

Притоа, треба да се има предвид дека согласно член 158, ставови (5) и (6) од Законот за енергетика* при распределбата на приходите од загушувањата, приоритет се дава на:

– гарантирањето на достапноста на физички доделениот преносен капацитет, вклучувајќи надоместок за откажување од доделениот непрекинлив преносен капацитет и
– одржувањето или зголемувањето на меѓузонскиот преносен капацитет преку оптимално користење на постојниот интерконективен вод низ координирани корективни активности или за надоместување на трошоците за инвестициите во мрежата кои се потребни за намалување на загушувањата или зголемување на капацитетот на интерконективниот вод.

Ако и по распределбата на приходите од загушувањата, преостанат средства од приходите, Регулаторната комисија за енергетика може да одлучи да ги земе предвид таквите приходи како добивка на операторот при одобрувањето на методологијата за пресметка на мрежната тарифа или при усвојувањето на тарифата или и во двата случаи. Операторот на електропреносниот систем го депонира преостанатиот приход на своја посебна сметка со цел да биде искористен за приоритетите, кога за тоа ќе се создадат услови.

Регулаторната комисија за енергетика со прописите и методологиите за формирање на тарифи го уредува начинот на пресметка, одобрување и контрола на регулираниот максимален приход за вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија.

Регулираниот максимален приход ја определува горната граница на приходот што му се дозволува на АД МЕПСО Скопје да го оствари во текот на една календарска година.

Регулираниот максимален приход се утврдува на ниво што на регулираното друштво му овозможува да оствари:

– покривање на оправданите оперативни трошоци и амортизацијата на средствата за вршење на регулирана дејност пренос на електрична енергија,
– обезбедување на определена стапка на принос на капиталот, во која се вклучени и инвестициите, со кои ќе се овозможи оспособување, одржлив развој и достапност на услугите кои што се обезбедуваат за сите потрошувачи на електрична енергија на територијата на Република Северна Македонија.

Во согласност со утврдениот регулиран максимален приход (MAR) и утврдената регулирана тарифа за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија, АД МЕПСО Скопје, како вршител на енергетската дејност пренос на електрична енергија, го фактурира надоместокот за користење на електропреносниот систем.

Вкупниот надоместок за користење на електропреносниот систем е збир од надоместоците за:
1) пристап на електропреносниот систем,
2) врвна активна моќност,

3) активна електрична енергија и
4) прекумерно преземена реактивна електрична енергија.

Надоместокот за користење на електропреносниот систем го плаќаат корисниците на електрична енергија во Република Северна Македонија, во согласност со објавената тарифа. Операторот на електропреносниот систем им го фактурира надоместокот за користење на системот на:

- производител на електрична енергија директно приклучен на електропреносниот систем;
- оператор на складиште за електрична енергија приклучен на електропреносниот систем;
- активен потрошувач директно приклучен на електропреносниот систем;
- дистрибутивна мрежа што е управувана од граѓанска енергетска заедница;
- затворен електродистрибутивен систем;
- електродистрибутивен систем приклучен на електропреносен систем за корисниците приклучени на електродистрибутивниот систем;
- потрошувач на електрична енергија директно приклучен на електропреносен систем

Надоместоци за користење на електропреносниот систем при поединечни трансакции за транзит на електрична енергија не се наплаќаат.

Согласно досегашната пракса, при распоредување на добивката на АД МЕПСО Скопје не се исплаќала дивиденда и се планира да продолжи со истата пракса во наредниот период, односно остварената добивка да биде реинвестирана за потребите на проширување/надградување на мрежата, како и во законски и статутарни резерви на АД МЕПСО Скопје.

III.1.1.9. Ревизија

Согласно член 478 од Законот за трговските друштва АД МЕПСО Скопје е должно да има ревизорско мислење на финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржувањето на Собранието на акционери.

Врз основа на член 383 став (1) точка 8) од Законот за трговски друштва Собранието на акционери на АД МЕПСО Скопје донесува одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, а по спроведената постапка за јавна набавка во согласност со Законот за јавни набавки. Собранието на акционери донесува одлука за назначување на овластениот ревизор пред истекот на деловната година за којашто се врши ревизијата. Управниот одбор веднаш по добивањето на извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото му ги доставуваат на надзорниот одбор. Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје ги проверува годишните сметки и финансиските извештаи. На барање на надзорниот одбор, овластениот ревизор присуствува на состанокот на надзорниот одбор. Надзорниот одбор му поднесува на собранието на акционери писмен извештај за резултатите од контролата. Во извештајот надзорниот одбор го соопштува начинот на којшто извршил контрола и обемот на контролата над управувањето со друштвото за

време на претходната деловна година. Во извештајот се изјаснува и за резултатите од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи и за приговорите на ревизорот на составената годишна сметка и на финансиските извештаи и предлага дали тие да бидат усвоени или не.

Ревизијата на годишната сметка и на финансиските извештаи на АД МЕПСО Скопје во периодот од 2022-2024 година е извршена од страна на овластената ревизорска куќа Audit & Business Advisory.

### III.1.2. МЕМО ДООЕЛ Скопје

Согласно член 115 став (1) од Законот за енергетика*, друштвото кое поседува лиценца за вршење на дејноста организација и управување со пазарот на електрична енергија не може да биде носител на лиценца и не може да учествува во производството, складирањето, преносот на електричната енергија и управувањето со електропреносниот систем, дистрибуцијата, трговијата, снабдувањето со електрична енергија.

Во ставот (2) од членот 115 е уредено дека ако во случај операторот на пазарот на електрична енергија е во сопственост на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија ја обезбедува својата функционална независност од операторот на електропреносниот систем во поглед на правната форма, организацијата и одлучувањето согласно програмата од членот 135 од овој закон.

Оператор на пазарот на електрична енергија е друштво основано од операторот на електропреносниот систем, кое ги врши работите што се однесуваат на организацијата, ефикасното функционирање и развојот на пазарите со  билатерални договори и балансна енергија како и управување со организираниот пазар на електрична енергија.

Имајќи го ова во предвид АД МЕПСО Скопје основа и е сопственик на друштво Национален оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје (во натамошниот текст: МЕМО ДООЕЛ Скопје), запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 8 октомври 2018 година.

Согласно Законот за енергетика АД МЕПСО Скопје како носител на лиценца за пренос на електрична енергија не може да има лиценци и да биде вклучено во вршење на дејностите производство, дистрибуција, складирање, трговија и снабдување со електрична енергија, како и не може да има лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија. Со цел исполнување на оваа законска одредба МЕМО ДООЕЛ Скопје на 21.03.2019 година до Регулаторната комисија за енергетика достави барање за издавање на лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија УП 1 бр. 12-15/19. Регулаторната комисија за енергетика на 25 септември 2019 година донесе Одлука за издавање лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, УП1 бр. 12-15/19 од 25 септември 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 197/19 и 234/22)

Операторот на пазарот на електрична енергија, е должен, во согласност со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика, да врши:

- управување со пазарот на електрична енергија со билатерални договори;
- пресметка на дебалансите на балансно одговорните страни и предлог пресметка за трошокот за дебалансите согласно со месечниот пазарен план и конечниот дневен распоред, мерењето на електрична енергија, активните количини на услугите за балансирање за секој давател на услуга за балансирање и цената на порамнување добиена од операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем;
- навремено доставување на сите информации потребни за изработка на конечните дневни распореди за купување и продажба на електрична енергија во Република Северна Македонија до операторот на електропреносниот систем;
- водење на евиденција на сите договори за учество на пазарот, склучени со учесниците на пазарот на електрична енергија;
- водење на евиденција на сите договори за формирање на балансни групи склучени помеѓу учесниците на пазарот на електрична енергија и операторот на пазарот на електрична енергија;
- изработка на дневен и месечен пазарен план;
- водење на регистар на учесниците на пазарот;
- објавување на информации кои се неопходни за непречено организирање и управување на пазарот на електрична енергија;
- навремено доставување до операторот на електропреносниот систем на сите информации за регистрираните учесници на пазарот на електрична енергија;
- следење на работата на снабдувачите во однос на нивното учество на пазарот на мало и презема активности за отстранување на евентуалните недостатоци кои влијаат на сигурноста во снабдувањето и цената на електричната енергија;
- обезбедување на потребните информации за снабдувачот со електрична енергија во краен случај и
- други работи утврдени со Законот за енергетика*

Операторот на пазарот на електрична енергија не смее да тргува со електрична енергија, освен во случај на тргување со електрична енергија произведена од повластени производители кои согласно закон со кој се уредени обновливите извори на енергија користат повластена тарифа.

Операторот на пазарот на електрична енергија го овозможува тргувањето со гаранции за потекло согласно закон со кој се уредени обновливите извори на енергија и води Регистар на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори, во кој ги запишува сите издадени, пренесени и укинати или поништени гаранции за потекло согласно закон со кој се уредени обновливи извори на енергија.

Операторот на пазарот на електрична енергија соработува со операторите на пазарите на електрична енергија на други држави и сите регионални и меѓународни организации и асоцијации.

Операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електропреносниот систем водат евиденција за трансакциите за физичката испорака на електрична енергија, кои се уредуваат со правилата за регистрација на учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори.

Согласно член 117 од Законот за енергетика*, операторот на пазарот на електрична енергија го пресметува и фактурира надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија врз основа на најавените трансакции, со примена на тарифата утврдена во одлуката што ја донесува Регулаторната комисија за енергетика.

Операторот на организираниот пазар на електрична енергија, е должен, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, да врши:

- склучување договори со учесниците на организираниот пазар на електрична енергија, со операторот на електропреносниот систем и со другите НЕМО и оператори на електропреносни системи во договорните страни на Енергетската заедница и држави членки на Европска Унија, со кои се уредуваат меѓусебните права и обврски, начинот на обезбедување на доверливоста на податоците за трансакциите на пазарот, како и објавувањето на податоците што се неопходни за функционирање на пазарот;
- имплицитна аукција на преносни капацитети;
- креирање криви на понуда и побарувачка на електрична енергија и
- финансиско порамнување со учесниците на организираниот пазар согласно склучените договори и добиените резултати од спојувањето на пазарите ден однапред и во тековниот ден.

Согласно Законот за трговските друштва, друштво со ограничена одговорност се основа со договор за друштвото што го склучуваат сите основачи. Ако друштвото го основа едно лице договорот за друштвото се заменува со изјава на основачот за основање на друштвото со ограничена одговорност, односно изјава за основање на друштвото. Со оглед дека АД МЕПСО Скопје е единствен основач на МЕМО ДООЕЛ Скопје истото е основано со изјава за основање согласно Законот за трговските друштва. Согласно овој закон, содружникот во друштвото има право:
1) да учествува во управувањето со друштвото;
2) да учествува во распределбата на добивката;
3) да биде информиран за работењето на друштвото;
4)да врши увид во книгите и во другите документи на друштвото и
5) на дел од остатокот на ликвидационата, односно на стечајната маса.

Согласно Изјавата за основање на Операторот на пазарот на електрична енергија на Република Северна Македонија, Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје – пречистен текст, органите на МЕМО ДООЕЛ Скопје се АД МЕПСО Скопје како единствен содружник претставуван од Управниот одбор во својство на собир на содружници и управител. Собирот на содружници го сочинуваат сите членови на Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје.

Во Изјавата за основање е наведено дека АД МЕПСО Скопје како единствен содружник, преку Управниот одбор, ги има сите права и надлежности кои произлегуваат од законот, а особено:

- Ги одобрува планот за работењето на Друштвото, во кој се содржани финансиски план и инвестициони програми и програма за развој на Друштвото, кои се предложени од страна на Управителот,
- Ги усвојува годишната сметка и годишните финансиски извештаи, како и годишниот извештај за работа на Друштвото во претходната деловна година и одлучува за распределбата на добивката и за покривање на загубите,
- Го избира и го отповикува управителот и одлучува за склучување на договорот меѓу друштвото и управителот,
- Одлучува за мерките за испитување и вршење контрола над водењето на работите,
- Одобрува склучување на договори за набавка што е поголема од една петтина од основната главнина,
- Одобрува склучување на договори што друштвото ги склучува со свој содружник, управител или со нивните роднини во прва линија без ограничување и странична линија до трет степен, освен ако тие договори се склучуваат под вообичаени услови на работење на друштвото,
- Определува овластен сметководител,
- Назначува ревизор на завршната сметка.

Управителот на Друштвото е надлежен да ги врши следните работи:
- Предлага план за работење на Друштвото во кој се содржани финансиски план и инвестициони програми и програма за развој на Друштвото,
- Донесува правилник за организација и систематизација на работни места,
- Го координира процесот на работа на Друштвото како целина,
- Го застапува друштвото во надворешниот и внатрешниот правен промет со трети лица,
- Се грижи за уредно водење на трговските книги на Друштвото во согласност со Законот,
- Донесува општи и поединечни акти на Друштвото чиешто донесување не е во надлежност на основачот,
- Врши и други работи во согласност со закон, оваа изјава и одлуките на единствениот содружник донесени на собир на содружници.

Тековното работење на МЕМО ДООЕЛ Скопје, како оператор на пазар на електрична енергија со билатерални договори и оператор на организиран пазар на електрична енергија е строго дефинирано во Законот за енергетика*, Правилата за регистрација за учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/26) и Правила за работа на организиран пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 77/23 и 42/25), како и другите подзаконски акти коишто произлегуваат од Законот за енергетика*. Предметните акти се одобрени од Регулаторната комисија за енергетика што гарантира дека истите се базирани врз начелата на транспарентност, објективност, недискриминација и еднаков третман и пристап на сите учесниците на пазарот на електрична енергија.

Во членот 316 од Законот за енергетика* е уредено дека со влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) освен одредбите од членовите 185 и 185-а и одредбите кои се однесуваат на мерките за поддршка на обновливи извори на енергија и издавањето на гаранции за потекло кои ќе се применуваат до денот на влегувањето во сила на законот, со кој се уредуваат обновливите извори на енергија.

МЕМО ДООЕЛ Скопје, согласно член 193 ставови (1), (2), (6), (7), (8) и (9) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) има е должен да ја откупи електричната енергија произведена од повластените производители кои користат повластена тарифа. МЕМО ДООЕЛ Скопје е должен, по барање на повластениот производител, да склучи договор за откуп на електричната енергија по повластени тарифи во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето. Договорот треба да е во согласност со овој закон, решението за стекнување на статус на повластен производител и одлуката за користење на повластена тарифа на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија. МЕМО ДООЕЛ Скопје е балансно одговорна страна за повластените производители и е должен на операторот на електропреносниот систем да му ги надомести трошоците за балансирање и потребните системски услуги поврзани со работата на повластените производители кои користат повластени тарифи. Трговците и снабдувачите се должни да ја купат од операторот на пазарот електричната енергија што операторот на пазарот ја откупил од повластениот производител којшто користи повластена тарифа. Потрошувачите се должни да ја купат електричната енергија произведена од повластените производители преку своите снабдувачи. Со правилата за пазар на електрична енергија се уредуваат начинот на продажба, количините и просечната цена по која снабдувачите и трговците ја купуваат електричната енергија, како и начинот на плаќање на повластените производители коишто користат повластени тарифи за откупената електрична енергија од страна на МЕМО ДООЕЛ Скопје.

Во член 94 од Правилата за регистрација за учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори е уредено дека со денот на влегувањето во сила на овие Правила престануваат да важат Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 234/22), освен одредбите од членовите 33, 34, 35, 36 и 37 кои се применуваат до исполување на условите од Член 92 од овие Правила.

Во членот 35 од Правилата за пазар на електрична енергија е уредено дека Откупената електрична енергија од повластените производители, МЕМО ДООЕЛ Скопје ја продава на снабдувачите и трговците со електрична енергија и производителите на електрична енергија коишто продаваат електрична енергија на потрошувачите. Снабдувачите и трговците од МЕМО ДООЕЛ Скопје секој ден откупуваат количина на електрична енергија произведена од повластени производители, соодветно на учеството на најавите за потребите од електрична енергија на нивните потрошувачи во вкупните предвидени потреби на потрошувачите на електрична енергија во Република Северна Македонија. Цената по која МЕМО ДООЕЛ Скопје ја продава електричната енергија на снабдувачите, трговците и производителите се пресметува на крајот од месецот како просечна цена по која МЕМО ДООЕЛ Скопје ја откупил електричната енергија од повластените производители, зголемена за трошоците за балансирање и потребните системски услуги поврзани со работата на повластените производители, и номинираните количини на електрична енергија од повластените производители, направени во истиот месец. Упатството за пресметка на месечно ниво на трошоците и тарифите за откуп на електрична енергија од повластени производители кое е дадено во Прилог 1 и е составен дел на правилата, особено содржи: 1) пресметка на просечна цена по која МЕМО ДООЕЛ Скопје ја откупил електричната енергија од повластените производители, 2) пресметка на просечна цена по која ЕММО ДООЕЛ Скопје ја продава електричната енергија на снабдувачите, трговците и производителите на електрична енергија, 3) пресметка на просечна тарифа за откуп на електрична енергија од повластените производители, по која снабдувачите и трговците фактурираат на потрошувачите, 4) пресметка на процентуалното учество на електричната енергија произведена од повластените производители и 5) рокови на објавување на пресметките.

Количината на електрична енергија којашто МЕМО ДООЕЛ Скопје ја откупува од повластените производители и ја продава на снабдувачите и трговците за своите потрошувачи во периодот по добивање на лиценца од Регулаторната комисија за енергетика од 349,17 GWh во 2019 година до 442,51 GWh во 2025 година.

Овие количини на електрична енергија претставуваат незначителни количини кои се движат во износ од максимум 7,26% во износ од нето потрошувачката на електрична енергија во државата во истиот период, којашто изнесувала од 6865 GWh во 2021 година па се до 5781 GWh во 2023 година.

АД МЕПСО Скопје, учествува на пазарот на големо (билатерални договори и организиран пазар) за набавка на електрична енергија за покривање на загубите и за сопствени потреби. При тоа имајќи ги предвид законските одредби и одредбите од подзаконските акти, со коишто произведената електрична енергија од повластени производители МЕМО ДООЕЛ Скопје ја откупува и истата ја продава на снабдувачи и трговци за своите потрошувачи, произлегува дека АД МЕПСО Скопје нема никаква улога во пазарните активности на МЕМО ДООЕЛ Скопје, односно нема влијание во откупот и продажбата на оваа електрична енергија.

Што се однесува до организираниот пазар на електрична енергија истиот е воспоставен и започна со работа во мај 2023 година. Во изминатите три години, продажбата на електрична енергија на овој пазар изнесува 1.371 GWh во 2025 година, 969,55GWh во 2024 година и 335,47GWh во 2023 година,

Во текот на 2023 година АД МЕПСО од организиранот пазар на електрична енергија има набавено електрична енергија 0,821 GWh за покривање на загубите на електрична енергија, додека вкупно набавената електрична енергија изнесувала 106 GWh. Во 2024 година АД МЕПСО Скопје нема набавено електрична енергија од организираниот пазар на електрична енергија, додека во 2025 година на организираниот пазар на електрична енергија има набавено 10,44GWh од вкупно набавените 107GWh.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и законската рамка за функционирање на пазарот на електрична енергија, јасно произлегува дека АД МЕПСО Скопје не може да влијае на функционирањето на организираниот пазар.

### III.1.3. АД ЕСМ Скопје

АД ЕСМ Скопје како еден од четирите правни субјекти настанати при процесот на преструктуирање на АД „Електростопанство на Македонија“ е издвоен во самостоен правен субјект како Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје“ (АД ЕЛЕМ Скопје) со Одлука на Владата на РМ бр.19-2626/1 од 30 јуни 2005 година.

АД ЕСМ Скопје на 9 септември 2005 година е запишано во Трговскиот регистар на Основниот суд Скопје 1 Скопје, како АД ЕЛЕМ Скопје.

АД МЕПСО Скопје и АД ЕСМ Скопје се друштва во државна сопственост, кои се независни во нивната сопственичка структура и органи на управување. По донесувањето на Одлуката за пренос на акции од сопственост на Владата во сопственост на Министерството бр.50-6306/18 од 24 јули 2025

година, единствен акционер и сопственик на АД МЕПСО Скопје е Министерството, додека АД ЕСМ Скопје, остана во државна сопственост.

Врз основа на член 3 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со стварите во државна сопственост што ги користат државните органите и правните лица основани од државата, во името на Република Северна Македонија располага Владата, ако со овој или со друг закон поинаку не е определено
Согласно член 2 став (4) од Законот за приватизацијата на државниот капитал во претпријатијата, под државен капитал се сметаат акциите и уделите на Република Северна Македонија и органите на државната власт во претпријатијата и банките, односно трговските друштва стекнати по различни основи во согласност со закон. Со член 2-а од овој закон е утврдено дека под органи на државна власт се подразбираат и министерствата и другите органи на државната управа. Согласно член 3 од истиот закон, за вредноста на државниот капитал трговските друштва и издаваат на Република Северна Македонија, односно на органите на државната власт обични акции или потврди за удели.

Согласно горенаведеното, а имајќи ги во предвид одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, односно дека Владата располага со државниот капитал, Владата е сопственик на акциите во АД ЕСМ Скопје.

Управувањето со АД ЕСМ Скопје е организирано во двостепен систем со надзорен одбор и управен одбор. Членовите на надзорниот одбор ги избира Владата на Република Северна Македонија во својство на собрание на акционери на АД ЕСМ Скопје, додека членовите на управниот одбор ги избира надзорниот одбор.

Владата на седницата одржана на 30 јули 2024 година, врз основа на член 383 став (1) точка 3), во својство на Собрание на акционери на АД ЕСМ Скопје донесе Одлука бр. 14-6786/1 за отповикување и избор на членови на надзорниот одбор на АД ЕСМ Скопје со која за членови на надзорниот одбор на АД ЕСМ Скопје се избрани:

- Александар Мурговски -независен член,
- Маја Аначкова - независен член,
- Иван Куковски,
- Леко Ристовски,
- Ерхан Рамадан,
- Јетмир Идризи,
- Стевче Антовски

Со истата одлука се отповикани од должноста:

- Слаѓана Богдановиќ,
- Васил Коцев-независен член,
- Игор Петков,
- Сашо Додовски,
- Ридван Асани,
- Катерина Митовска-Наковска-независен член,
- Арбен Несим.

Со Одлука за отповикување на должност на член на Надзорен одбор на АД ЕСМ Скопје бр. 18-5618/1 од 3 јуни 2025 година се отповика Иван Куковски.

Со Одлука за отповикување на должност на член на Надзорен одбор на АД ЕСМ Скопје бр. 18-6417/1 од 1 јули 2025 година  за избор на член на Надзорниот одбор се избра  Александар Маневски.

Надзорниот одбор на АД ЕСМ Скопје на седницата одржана на 23 август 2024 година врз основа на член 16, член 18 и член 34 од Статутот на АД ЕСМ Скопје донесе Одлука НО бр. 02-5111/3/2 за избор на членови на Управен одбор:

Членови на Управниот одбор на АД ЕСМ Скопје, се:

- Лазо Узунчев- Генерален директор;
- Реџеп Асани - Заменик генерален директор;
- Иван Стојановски - директор за финансиски работи;
- Владимир Пејоски - директор за развој и инвестиции;
- Ѓорѓи Ѓорѓиевски-директор за правни и општи работи;
- Виктор Јовановски - директор за комерцијални работи и
- Зоран Коњановски - директор за производство на електрична енергија.

Надзорниот одбор на АД ЕСМ Скопје на седницата одржана на 14 април 2025 година врз основа на член 354 од Законот за трговски друштва и член 34 од Статутот на АД ЕСМ Скопје донесе Одлука за престанување на функција на член на Управен одбор кој носи назив Директор за правни и општи работи НО бр. 02-2405/26/6 со која му престанува функцијата на Ѓорѓи Ѓорѓиевски.

Надзорниот одбор на АД ЕСМ Скопје на седницата одржана на 23 август 2024 година донесе Одлука за отповикување на членовите на Управниот одбор АД ЕСМ Скопје НО бр. 02-5111/3/1 со која се отповикуваат:

- Васко Стафанов, Претседател на Управен одбор и Генерален директор
- Др. Имер Зенку, член на Управен одбор и заменик генерален директор
- Душица Сеизовска Јовановиќ-член на Управен одбор и директор на правни и општи работи
- Благојче Трповски-члена на Управен одбор и директор за производство на електрична енергија
- Виктор Андонов-член на Управен одбор и директор за развој и инвестиции
- Марија Пејкова-член на Управен одбор и директор за финансиски работи
- Ардијан Муча-член на Управен одбор и директор за комерцијални работи

Именуваните членови на управниот и надзорниот одбор на АД ЕСМ Скопје не се членови на орган на управување односно надзор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и друштвото, што е во согласност со член 348 став (1) точка 3 од Законот за трговски друштва.

Организациските делови на АД ЕСМ Скопје се дирекцијата и седум подружници кои немаат својство на правно лице. Дирекцијата е со седиште во Скопје, а подружниците се:

- РЕК „Битола“ - Новаци со седиште во Новаци,
- РЕК „Осломеј“ - Осломеј со седиште во Осломеј,
- ХЕЦ „Маврово“ - Гостивар со седиште во Гостивар,
- ХЕЦ „Црн Дрим“ - Струга со седиште во Струга,
- ХЕЦ „Треска“ - Скопје со седиште во Скопје,
- ХЕЦ „Тиквеш“ - Кавадарци со седиште во Возарци, Кавадарци
- „Енергетика“ - Скопје со седиште во Скопје,
- ТЕЦ Неготино – Неготино со седиште во с. Дуброво

Со секоја подружница раководи директор односно директори, кои ги назначува управниот одбор. Подружниците на АД ЕСМ Скопје се организирани со акт на управен одбор, по претходно одобрение на надзорниот одбор.

Основната главнина на АД ЕСМ Скопје изнесува 31.738.878.000 денари или 517.818.006 евра. Основната главнина на друштвото е поделена на 31.738.878 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари.

Согласно досегашната пракса, АД ЕСМ Скопје при распоредување на добивката не исплаќала дивиденда и се очекува да продолжи со истата пракса во наредниот период, односно остварената добивка (ако таква има) да биде реинвестирана за потребите на одржување/надградување на производните капацитети, како и во законски и статутарни резерви на АД ЕСМ Скопје.

За овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2022, 2023 и 2024 година на АД ЕСМ Скопје е избрана ревизорска куќа РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје.

АД ЕСМ Скопје е основач на друштва со ограничена одговорност основани од едно лице и тоа:

- Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје;
- Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје;
- Друштво за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје;
- Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје;
- Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт, ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ - Скопје, основано 2012 година кон кое се соединија ДУТ Молика ДООЕЛ - Битола и ДУТ Попова Шапка ДООЕЛ - Тетово од 1 ноември 2012 година,
- Фабрика за опрема и делови ФОД ДООЕЛ - Новаци, АД ЕСМ Скопје, основано во 1997 година,
- Друштво за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, ЕСМ ТОПЛИФИКАЦИЈА ДООЕЛ Битола.

Како најголем производител на електрична енергија во Република Северна Македонија, АД ЕСМ Скопје задоволува околу 50% од потребите на потрошувачите на електрична енергија во Република Северна Македонија. АД ЕСМ Скопје е сопственик на следниве производствени капацитети:

– две термоелектроцентрали на јаглен (ТЕ РЕК Битола и ТЕ Осломеј) со вкупна инсталирана моќност од 825 MW,
– една термоелектроцентрала на мазут (ТЕЦ Неготино) со инсталирана моќност од 210MW.
– осум хидроелектроцентрали (ХЕ Козјак, ХЕ Глобочица, ХЕ Шпиље, ХЕ Тиквеш, ХЕ Вруток, ХЕ Врбен, ХЕ Равен и ХЕ Св. Петка ) со вкупна инсталирана моќност од 560,8 MW,
– една комбинирана постројка за производство на електрична и топлинска енергија со инсталирана моќност од 30 MW и
– ветерна електроцентрала со инсталирана моќност од 36,8 MW.

Согласно член 20 став (1) точка 13 и 14 од Статутот на АД ЕСМ Скопје, управниот одбор донесува одлуки за инвестиции и годишна инвестициона програма која е претходно одобрена од надзорниот одбор.

АД ЕСМ Скопје од 18 ноември 2005 година, е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, која е со датум на важење до 24 декември 2049 година. Покрај лиценцата за производство на електрична енергија, АД ЕСМ Скопје поседува и лиценци за:

– производство на топлинска енергија,
– дистрибуција на топлинска енергија,
– снабдување со топлинска енергија и
– дистрибуција на електрична енергија.

АД ЕСМ Скопје беше носител на лиценца за снабдување во краен случај со електрична енергија, но со Одлука на Регулаторната комисија за енергетика УП1 бр. 07-18/14 од 27 јуни 2019 година, која влезе во сила на 1 јули 2019 година, престана лиценцата за снабдување со електрична енергија во краен случај.

Согласно Законот за енергетика АД ЕСМ Скопје не е регулиран производител на електрична енергија.

### III.1.4. НОМАГАС АД Скопје

НОМАГАС АД Скопје е носител на лиценци за вршење на енергетската дејност пренос на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/05, 135/06,45/17 и 4/23), која е со рок на важност до 25 октомври 2040 година.

Согласно член 204 став (4) од Законот за енергетика*, Операторот на системот за пренос на гас не може да има лиценц и не може да има лиценци и не може да биде вклучен во вршење на дејностите производство, складирање, организирање и управување со пазарот на гас, дистрибуција, трговија со гас или снабдување со гас. Согласно став (6) од истиот член како друштвото што врши некоја од дејностите производство или снабдување се смета и друштво што врши некоја од дејностите

производство или снабдување со електрична енергија, додека согласно став (7) како оператор на систем се смета и оператор на електропреносен систем.

Согласно член 205 од Законот за енергетика*, Министерството е сопственик на друштвото кое што е оператор на системот за пренос на гас. Министерството е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на друштвото.

Членовите на органот на надзор, односно на органот на управување на операторот на системот за пренос на гас:

- се самостојни во постапка за донесување на одлуки согласно закон и
- не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на управување на друштва коишто вршат производство или снабдување/трговија со гас или друштва коишто имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва

Управувањето со НОМАГАС АД Скопје е организирано во едностепен систем со одбор на директори. Одборот на директори во рамките на овластувања определени со закон и статутот има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на друштвото со исклучок на посебните овластувања дадени на неизвршните членовите на одборот. Членовите на одборот на директори ги избира собранието на акционери на НОМАГАС АД Скопје. Од членовите избрани во одборот на директори, одборот на директори именува еден извршен член. Одборот на директори е составен од пет члена, од кои еден е извршен член и четири се неизвршни членови. Еден од неизвршните членови на одборот на директори е независен член. Одборот на директори од редот на своите неизвршни членови избира претседател на одборот. Членовите на одборот на директори се бираат за време од 6 (шест) години.

Членови на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје се:

- Недим Рама –извршен член и Претседател на Одборот на директори;
- Хаирис Бучи – неизвршен член на Одборот на директори;
- Бошко Стефановски – неизвршен на Одборот на директори;
- Крсте Миладинов – неизвршен член и Претседател на Одборот на директори; и
- Огнен Димитров – извршен член и независен на Одборот на директори.

Крсте Миладинов е избран за претседател на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје Недим Рама е избран за извршен член на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје – го носи називот Извршен директор.

НОМАГАС АД Скопје, како операторот на системот за пренос на природен гас ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа, управува со гасоводниот систем на Република Северна Македонија и обезбедува поврзување на преносниот систем со преносните системи на соседните земји, со цел да обезбеди сигурно снабдување на потрошувачите со природен гас.

Системот за пренос на природен гас во Република Северна Македонија започнува со Приклучно место на интерконективната точка Ќустендил -Жидилово на македонскиот со бугарскиот систем за пренос на природен гас и се наоѓа на источната граница во месноста Деве Баир и се протега во правец

на Кривопаланечкиот, Кратовскиот, Кумановскиот и Скопскиот регион. Главната мерна станица (ГМС) се наоѓа во месноста Жидилово – Крива Паланка. Мерниот систем во примо-предавателната станица се состои од 3 мерни линии (од кои 2 се работни, а една е резервна), и има компјутерски систем и опрема потребна за определување на количините и квалитетот на гасот. За мерење на количината на гас секоја мерна линија е опремена со два независни електронски мерни системи: мерење со ултразвук (комерцијално) и мерење со бленда (контролно). Капацитетот на мерните линии е 180.000 Nm3 /h. Дизајниран капацитет на системот за пренос на природен гас е 800 милиони Nm3 годишно, со можност за зголемување до 1.200 милиони Nm3 . Магистралниот гасовод и разводните гасоводи се проектирани за работен притисок од 54 bar. Моменталниот работен притисок е 40 bar, а годишната пренесена количина на природен гас во последните 3 (три) години е просечно 350 милиони Nm3 . При тоа, најголеми потрошувачи се когенеративната постројка за производство на електрична енергија и топлина - ТЕ-ТО АД Скопје и индустриските потрошувачи во градот Скопје.

### III.2. Технички карактеристики на електропреносниот систем

АД МЕПСО Скопје, како операторот на електропреносниот систем ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа, управува со електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија и обезбедува поврзување на преносниот систем со преносните системи на соседните земји, со цел да обезбеди сигурно снабдување на потрошувачите со електрична енергија.

Сопственик на АД МЕПСО Скопје е Министерство, додека АД МЕПСО Скопје е сопственик на електропреносната мрежа што се состои од трафостаници, линиски инфраструктурни објекти - далекуводи, постројки, објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем.

Стожер на електропреносната мрежа во Република Северна Македонија се 400 kV далекуводи. Овие далекуводи формираат 400 kV прстен кој го поврзува најголемиот конзум кој е лоциран во северниот дел, каде се лоцирани најголемите производни објекти, како и јужниот дел на Република Северна Македонија каде конзумот е значително помал. Воедно, 400 kV далекуводи служат и за интерконекција со соседните електроенергетски системи.

Електропреносниот систем на Република Северна Македонија е поврзан со четири соседни земји преку пет 400 kV интерконекции и тоа:

- на север со Република Косово, 400 kV далекувод, ТС Скопје 5 - ТС Феризај 2,
- на север со Република Србија, 400 kV далекувод ТС Штип - ТС Врање 4,
- на исток со Република Бугарија, 400 kV далекувод ТС Штип - ТС Могила и
- на југ со Република Грција, два 400 kV далекуводи ТС Битола 2 - ТС Мелити и ТС Дуброво - ТС Солун.

Исто така, постојат и две електропреносни интерконекции на север со Република Косово на 220 kV напонско ниво, ТС Скопје 1 - ТС Косово А, но овие врски не се под напон иако физички постојат. Овие електропреносни интерконекции се чуваат со цел да се задржи воздушниот коридор, доколку во

иднина би дошол друг проект од регионален интерес со предвидување на нова 400 kV врска со Република Косово.

Исто така постои и 150 kV врска со Република Грција, со должина од 23 километри, но не се користи.

Со развојот на пазарот на електрична енергија како и со обединување во еден регионален пазар на електрична енергија интерконекциите добиваат улога на главни енергетски коридори преку кои секојдневно се реализираат и ќе се реализираат значителен број на трансакции на електрична енергија.

Електропреносната 110 kV мрежа е најразгранета и најразвиена која ги поврзува големите хидроелектрични и термоелектрични централи, како и сите поголеми населени места како и индустриските центри. Врската помеѓу 400 kV и 110 kV преносна мрежа се остварува преку петте трансформаторски станици: ТС Скопје 4, ТС Скопје 5, ТС Битола 2, ТС Дуброво и ТС Штип.

АД МЕПСО Скопје како оператор на електропреносниот систем функционира на 400kV и 110kV напонско ниво, додека далекуводите на напонско ниво 220 kV и 150 kV се чуваат за идни проекти кои се предвидени во идните развојни планови.

АД МЕПСО Скопје располага со вкупната должина на електропреносната мрежа од 2.311,3 km, од кои 577,06 km се на 400 kV, 38 km на 220 kV, 23 km на 150 kV, 1.665,44 km на 110 kV и 7,8 km на 35 kV напонско ниво. Исто така АД МЕПСО Скопје поседува 7.181 столбови од кои 5.923 се челично едносистемски, 893 челични двосистемски и 365 се бетонски.

На 400 kV напонско ниво има 1.553 челично едносистемски столбови, на 220 kV напонско ниво има 94 челично едносистемски столбови, на 150 едносистемски столбови има 72 челично едносистемски столбови, на 110 kV напонско ниво има 4.179 челично едносистемски столбови, 893 челично двосистемски столбови и 346 бетонски столбови и на 35 kV напонско ниво има 25 челично едносистемски столбови и 19 бетонски столбови.

Далекуводите вкупно 113 се во сопственост и непречено владение на АД МЕПСО Скопје. Во Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија 80 далекуводи се запишани во евидентни листови за инфраструктурни објекти со правото на сопственост на АД МЕПСО. Од вкупно 113 далекуводи, за 33 кои исто така се во сопственост и владение на АД МЕПСО Скопје, сеуште е во тек постапката за евидентирање на правото на сопственост во Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, согласно рамковната спогодба бр.03-51/2 од 7.02.2017 година.

1. *Табеларен преглед на 400 kV ДВ*

| Р. бр. | Бр. На ДВ | Име на ДВ | Должина (km) | Сопственост | евидентен лист |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 001 | ТС Битола 2 -ТЕ Битола 2 | 0,75 | АД МЕПСО Скопје | 607 |
| 2 | 002 | ТС Битола 2 – ТЕ Битола 3 | 0,75 | АД МЕПСО Скопје | 609 |
| 3 | 420/1 | ТС Скопје 5 – Косово Б | 22,42 | АД МЕПСО Скопје | 700 |
| 4 | 420/2 | ТС Скопје 5 - ТС Скопје 4 | 20,13 | АД МЕПСО Скопје | 673 |
| 5 | 421 | ТС Скопје 4 - ТС Дуброво | 82,40 | АД МЕПСО Скопје | 4701 |
| 6 | 422 | ТС Дуброво – Грчка граница | 54,70 | АД МЕПСО Скопје | 662 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 446 | ТС Битола 2 – ТС Дуброво | 83,40 | АД МЕПСО Скопје | 4762 |
| 8 | 447 | ТС Битола 2 -ТС Скопје 4 | 113,48 | АД МЕПСО Скопје | 845 |
| 9 | 448 | ТС Дуброво -ТС Штип | 40,70 | АД МЕПСО Скопје | 875 |
| 10 | 450 | ТС Битола 2 – Гр. граница | 17,30 | АД МЕПСО Скопје | 1078 |
| 11 | 449 | ТС Штип – Буг.граница | 71,20 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 12 | 423 | ТС Штип – Ср. граница | 69,83 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| **Вкупно** | | | **577,06** | | |

*2. Табеларен преглед на 220 kV ДВ*

| **Р. бр.** | **Бр. На ДВ** | **Име на ДВ** | **Должина (km)** | **Сопственост** | **евидентен лист** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 212 | ТС Скопје 1 -ТЕ Косово А | 19 | АД МЕПСО Скопје | 601 |
| 2 | 215 | ТС Скопје 1 – ТЕ Косоо Б | 19 | АД МЕПСО Скопје | 599 |
| **Вкупно** | | | **38** | | |

*3. Табеларен преглед на 150 kV ДВ*

| **Р. бр.** | **Бр. На ДВ** | **Име на ДВ** | **Должина (km)** | **Сопственост** | **евидентен лист** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 150 | ТС Битола 1 – Гр. граница | 23 | АД МЕПСО Скопје | 663 |
| **Вкупно** | | | **23** | | |

*4. Табеларен преглед на 110 kV ДВ*

| **Р. бр.** | **Бр. На ДВ** | **Име на ДВ** | **Должина (km)** | **Сопственост** | **евидентен лист** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 101/1 | ТС Скопје 1 – ТС Скопје 4 | 17,80 | АД МЕПСО Скопје | 677 |
| 2 | 101/2 | ТС Скопје 4 – ТС Петровец | 11,45 | АД МЕПСО Скопје | 519 |
| 3 | 101/3 | ТС Петровец – ТС Велес | 26,40 | АД МЕПСО Скопје | 873 |
| 4 | 102 | ТС Скопје 1 – ТС Ген. Јанковик | 17,60 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 5 | 103/1 | ТС Јагуновце – ТС Теарце | 3,60 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 6 | 103/2 | ТС Теарце – ТС Тетово 1 | 21,30 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 7 | 103/2Б | ТС Тетово – ТС Теарце | 21,03 | АД МЕПСО Скопје | 1829 |
| 8 | 104 | ТС Скопје 1 – ТС Јегуновце | 31,23 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 9 | 105/1 | ТС Велес – ТС Овче Поле | 20,90 | АД МЕПСО Скопје | 404 |
| 10 | 105/2 | ТС Овче Поле – ТС Богословец | 7,10 | АД МЕПСО Скопје | 1274 |
| 11 | 105/3 | ТС Богословец – ТС Штип | 20,05 | АД МЕПСО Скопје | 1274 |
| 12 | 106/2 | ТС Осломеј – ТС Кичево | 15,00 | АД МЕПСО Скопје | 514 |
| 13 | 107/1 | ТС Кичево – ТС Сопотница | 33,30 | АД МЕПСО Скопје | 835 |
| 14 | 107/2 | ТС Сопотница – ТС Битола 1 | 30,70 | АД МЕПСО Скопје | 511 |
| 15 | 108/1А | ТС Гостивар – ТС Југохром | 36,90 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 16 | 108/1Б | ТС Југохром – ТС Скопје 3 | 41,50 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 17 | 108/2 | ТС Скопје 3 – ТС Ѓ. Петров | 20,80 | АД МЕПСО Скопје | 675 |
| 18 | 108/3 | ТС Ѓ. Петров – ТС Скопје 1 | 11,10 | АД МЕПСО Скопје | 593 |
| 19 | 109 | ТС Битола 1 – ТС Прилеп 1 | 33,70 | АД МЕПСО Скопје | 834 |
| 20 | 110/1 | ТС Скопје 4 – ТС Скопје 2 | 10,00 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 21 | 110/3 | ТС Скопје 4 – ТС ТЕ-ТО | 5,60 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 22 | 110/2 | ТС Скопје 1 – ТС ТЕ-ТО | 10,40 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 23 | 111 | ХЕЦ Вруток – ХЕЦ Шпиље | 45,50 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 24 | 112 | ХЕЦ Шпиње – ХЕЦ Глобочица | 13,50 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 25 | 113/1А | ТС Велес – ТС Велес 2 | 3,60 | АД МЕПСО Скопје | 997 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 26 | 113/1Б | ТС Велес 2 – ТС Зрновци | 10,90 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 27 | 113/2 | ТС Зрновци – ТС Кавадарци | 26,20 | АД МЕПСО Скопје | 979 |
| 28 | 114/1 | ХЕ Тиквеш – ТС ИГМ | 7,50 | АД МЕПСО Скопје | 596 |
| 29 | 114/2 | ТЦ ИГМ – ТС Тавадарци | 0.60 | АД МЕПСО Скопје | 596 |
| 30 | 115 | ТС Штип – ТС Кочани | 27,80 | АД МЕПСО Скопје | 497 |
| 31 | 116/1 | ТС Штип – ТС Неокази | 22,70 | АД МЕПСО Скопје | 1273 |
| 32 | 116/2 | ТС Неокази – ТС Пробиштиш | 5,60 | АД МЕПСО Скопје | 1273 |
| 33 | 117/1 | ТС Кавадарци – ТС Дуброво | 13,30 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 34 | 117/2 | ТС Дуброво – ТС Валандово | 39,30 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 35 | 118 | ТС Валандово – ТС Струмица 2 | 15,60 | АД МЕПСО Скопје | 975 |
| 36 | 119/1 | ТС Скопје 1 – ТС Куманово 1 | 25,70 | АД МЕПСО Скопје | 964 |
| 37 | 119/2 | ТС Куманово – ТС Кратово | 33,50 | АД МЕПСО Скопје | 4980 |
| 38 | 119/3 | ТС Кратово – ТС Пробиштип | 17,50 | АД МЕПСО Скопје | 1886 |
| 39 | 120/1 | ХЕЦ Глобочица - ТС Струга | 32,40 | АД МЕПСО Скопје | 553 |
| 40 | 120/2 | ТС Струга – ТС Охрид 1 | 26,30 | АД МЕПСО Скопје | 833 |
| 41 | 121/1 | ТС Охрид 2 – ТС Ресен | 35,20 | АД МЕПСО Скопје | 836 |
| 42 | 121/2 | ТС Ресен – ТС Битола 4 | 26,20 | АД МЕПСО Скопје | 516 |
| 43 | 121/3 | ТС Битола 4 – ТС Битола 1 | 6,20 | АД МЕПСО Скопје | 725 |
| 44 | 122 | ТС Кавадарци – ТС Прилеп 1 | 44,00 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 45 | 125 | ТС Скопје 1 – ТС Миладиновци 1 | 17,00 | АД МЕПСО Скопје | 520 |
| 46 | 126 | ТС Скопје 1 – ТС Миладиновци 2 | 17,00 | АД МЕПСО Скопје | 332 |
| 47 | 127 | ТС Велес – ТС Тополница 1 | 2,30 | АД МЕПСО Скопје | 980 |
| 48 | 128 | ТС Велес – ТС Топилница 2 | 2,40 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 49 | 130/1 | ТС Скопје 3 – ТС Скопје 4 | 15,60 | АД МЕПСО Скопје | 448 |
| 50 | 130/2 | ТС Скопје 4 – ТС Скопје 2 | 4,30 | АД МЕПСО Скопје | 447 |
| 51 | 131/1 | ТС Штип – ТС Штип 2 | 5,40 | АД МЕПСО Скопје | 1521 |
| 52 | 131/2 | ТС Штип 2 – ТС Бучим | 21,80 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 53 | 132/1 | ТС Бучим – ТС Радовиш | 10,50 | АД МЕПСО Скопје | 4864 |
| 54 | 132/2 | ТС Радовиш- ТС Струмица 1 | 29,80 | АД МЕПСО Скопје | 851 |
| 55 | 136 АБ | ТС Битола 1 – ТС Битола 2 | 13,00 | АД МЕПСО Скопје | 721 |
| 56 | 137 | ТС Дуброво – ТС Бучим | 32,00 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 57 | 140 | ТС Струмица 1 – ТС Сушица | 16,90 | АД МЕПСО Скопје | 1891 |
| 58 | 141 | ТС Сушица – Буг. Граница11,10 | 11,10 | АД МЕПСО Скопје | 1893 |
| 59 | 142 | ТС Скопје 4 – ЕВП Драчево | 1,11 | АД МЕПСО Скопје | 590 |
| 60 | 143/1 | ТС Самоков – ТС Козјак | 24,90 | АД МЕПСО Скопје | 2154 |
| 61 | 143/2 | ТС Козјак – ТС Св. Петка | 10,40 | АД МЕПСО Скопје | 2227 |
| 62 | 143/3 | ТС Св. Петка – ТС Скопје 3 | 18,90 | АД МЕПСО Скопје | 1513 |
| 63 | 144 | ТС Осломеј – ТС Самоков | 17,50 | АД МЕПСО Скопје | 1956 |
| 64 | 145/1 | ТС Скопје 4 – ТС Бунарџик | 12,00 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 65 | 145/2 | ТС Бунарџик – ТС Рафинерија | 7,40 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 66 | 149 А | ТС Битола 2 – ТС Суводол | 3,10 | АД МЕПСО Скопје | 725 |
| 67 | 149 Б | Приклучен ДВ за ТС Брод Гнеотино | 10,20 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 68 | 151 | ТС Битола 2 – ТС Битола 1 | 0,90 | АД МЕПСО Скопје | 608 |
| 69 | 152 | ТС Битола 2 – ТС Битола 1 | 0,90 | АД МЕПСО Скопје | 606 |
| 70 | 153 | ТС Битола 2 – ТЕ Битола 2 | 0,90 | АД МЕПСО Скопје | 1077 |
| 71 | 159 АБ | ТС Куманово 1 – ТС Куманово 2 | 4,50 | АД МЕПСО Скопје | 1852 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 72 | 162 | ТС Велес – ТС Велес 1 | 3,00 | АД МЕПСО Скопје | 2395 |
| 73 | 163 АБ | ТС Дуброво – ТС Фени | 19,10 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 74 | 164 Б | ТС Битола 2 – ТС Битола 3 | 12,20 | АД МЕПСО Скопје | 722 |
| 75 | 164/1А | ТС Битола 2 – ТС Битола 4 | 25,00 | АД МЕПСО Скопје | 1144 |
| 76 | 164/2А | ТС Битола 4 – ТС Битола 3 | 14,50 | АД МЕПСО Скопје | 1142 |
| 77 | 165 А | ХЕЦ Тиквеш – ТС Фени | 4,30 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 78 | 170 | ТС М. Каменица – ТС Драчево | 18,50 | АД МЕПСО Скопје | 1866 |
| 79 | 171 | ТС Кочани – ТС М. Каменица | 23,00 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 80 | 172 | ТС К. Паланка – ТС Крива река | 20,30 | АД МЕПСО Скопје | 5022 |
| 81 | 173 | ТС Радовиш – ТС Берово | 38,20 | АД МЕПСО Скопје | 4938 |
| 82 | 176 | ТС Струмица 1 – ТС Струмица 2 | 19,00 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 83 | 177 | ТС Куманово 2 – ТС Рафинерија | 17,00 | АД МЕПСО Скопје | 4978 |
| 84 | 178 АБ | ТС Валандово – ТС Милетково | 6,30 | АД МЕПСО Скопје | 4330 |
| 85 | 180 | ТС К. Паланка – Буг. граница | 12,80 | АД МЕПСО Скопје | Во тек |
| 86 | 181 | ТС Битола 2 – ТЕ Битола 3 | 0,90 | АД МЕПСО Скопје | 1079 |
| 87 | 183 | ТС Охрид 1 – ТС Охрид 2 | 3,50 | АД МЕПСО Скопје | 3325 |
| 88 | 184 | ТС Берово – ТС Делчево | 33,53 | АД МЕПСО Скопје | 4939 |
| 89 | 188 | ТС Осломеј – ТС Гостивар | 36,52 | АД МЕПСО Скопје | 4394 |
| 90 | 189 | ТС Велес 1 – ТС Велес 2 | 1,40 | АД МЕПСО Скопје | 2433 |
| 91 | 190 | ХЕЦ Вруток – ТС Полог | 15,30 | АД МЕПСО Скопје | 1439 |
| 92 | 191 | ТС Полог – ТС Тетово 2 | 20,30 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 93 | 192 | ТС Тетово 1 – ТС Тетово 2 | 1,93 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 94 | 193 | ХЕЦ Вруток – ТС Тетово 1 | 32,14 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| 95 | 194 | ХЕЦ Вруток – ТС Гостивар | 8,30 | АД МЕПСО Скопје | Во тек |
| 96 | 198 | ХЕЦ Вруток – ТС Скопје 1 | 65,20 | АД МЕПСО Скопје | 1888 |
| **Вкупно** | | | **1656,64** | | |

5. *Табеларен преглед на 35 kV ДВ*

| **Р. бр.** | **Бр. На ДВ** | **Име на ДВ** | **Должина (km)** | **Сопственост** | **евидентен лист** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 35 | ТС Самоков - Самоков | 5,30 | АД МЕПСО Скопје | 3268 |
| 2 | 37 | ТС Скопје 2 – ТЕ Скопје 4 | 2,50 | АД МЕПСО Скопје | во тек |
| **Вкупно** | | | **7,80** | | |

6. *Табеларен преглед на кабелски дел 110kV*

| **Р. бр.** | **Бр. На ДВ** | **Име на ДВ** | **Должина (km)** | **Сопственост** | **евидентен лист** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 164/1А | ТС Битола 2 – ТС Битола 4 | 0,6 | АД МЕПСО Скопје | 1144 |
| 2 | 164/2А | ТС Битола 4 – ТС Битола 3 | 0,6 | АД МЕПСО Скопје | 1142 |
| 3 | 110/2 | ТС Скопје 1 – ТС ТЕ-ТО | 3,8 | АД МЕПСО Скопје | 1871 |
| 4 | 110/3 | ТС Скопје 4 – ТС ТЕ-ТО | 3,8 | АД МЕПСО | 1967 |
| **Вкупно** | | | **8,8** | | |

Трансформаторските станици со преносен однос 400/110 kV/kV, вкупно пет, се во сопственост и непречено владение на АД МЕПСО Скопје. Трансформаторски станици кои се со преносен однос 110/xx kV/kV се вкупно 13, и се во сопственост и владение на АД МЕПСО Скопје..

За три од трансформаторските станици, кои се во сопственост и владение на АД МЕПСО Скопје, сеуште е во тек постапката за запишување на правото на сопственост во Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија..

7. *Табеларен преглед на ТС*

| Ред.бр. | Име на ТС | Напонско ниво | сопственост | имотен лист |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ТС Скопје 4 | 400/100 | АД МЕПСО Скопје | 4770 |
| 2 | ТС Скопје 5 | 400/100 | АД МЕПСО Скопје | 1040445 |
| 3 | ТС Штип | 400/100 | АД МЕПСО Скопје | 57, 91135, 193 |
| 4 | ТС Битола 2 | 400/100 | АД МЕПСО Скопје | 273 |
| 5 | ТС Дуброво | 400/100 | АД МЕПСО Скопје | 125 |
| 6 | ТС Скопје 1 | 110/хх | АД МЕПСО Скопје | 1040445 |
| 7 | ТС Кавадарци | 110/хх | АД МЕПСО Скопје | 1642 |
| 8 | ТС Башино Село | 110/хх | АД МЕПСО Скопје | 50688 |
| 9 | ТС Самоков | 110/хх | АД МЕПСО Скопје | 445 |
| 10 | ТС Скопје 2 | 110/хх | АД МЕПСО Скопје | 105195 |
| | | | во тек | 105194 |
| 11 | ТС Петровец | 110/хх | АД МЕПСО Скопје | 990 |
| 12 | ТС ТЕ –ТО | 110/хх | АД МЕПСО Скопје | 9106 |
| 13 | ТС Теарце | 110/хх | АД МЕПСО Скопје / | 1017 |
| 14 | ТС Југохром | 110/хх | АД МЕПСО | 598, 596 |
| 15 | ТС Бучим | 110/хх | во тек | 103 |
| 16 | ТС Скопје 3 | 110/хх | во тек | 12194 |
| 17 | ТС Штип 1 | 110/хх | АД МЕПСО Скопје | 91135 |

На електропреносната мрежа се приклучени и повеќе производни капацитети во Република Северна Македонија. На 400 kV напонско ниво на електропреносната мрежа е приклучена ТЕЦ Битола 1, 2 и 3 сопственост на АД ЕСМ Скопје. Додека пак на 110 kV напонско ниво на електропреносната мрежа се приклучени ТЕЦ Осломеј, ТЕЦ Неготино како и шест големи хидроцентрали и тоа: ХЕЦ Вруток, ХЕЦ Света Петка, ХЕЦ Козјак, ХЕЦ Шпиље, ХЕЦ Глобочица и ХЕЦ Тиквеш (сите во сопственост на АД ЕСМ Скопје). Исто така на 110 kV напонско ниво на електропреносната мрежа се приклучени и ветерен парк ВЕЦ Богданци (сопственост на АД ЕСМ Скопје), Ветерен парк Демир Капија, Ветерен парк Богословец (приватни инвестиции) како и когенеративната електроцентрала ТЕ-ТО која е во приватна сопственост. Исто така приклучени се фотонапонски електроцентрали во приватна сопственост и тоа ФЕЦ Новаци, ФЕЦ Осломеј 3А и ФЕЦ Осломеј 3Б, како и ФЕЦ ИГМ и ФЕЦ ОКТА.

Вкупно инсталирана моќност од термоелектроцентрали кои се приклучени на електропреносната мрежа изнесува 1.035 MW, за хидроелектроцентрали 574,6 MW, за когенеративни електроцентрали 227 MW, за ветерни електроцентрали 166,4 MW и фотонапонски електроцентрали со моќност од 156,9 MW.

На електропреносната мрежа се приклучени и шест големи потрошувачи:Голден Игл АД Кавадарци, ОКТА Рафинерија за нафта АД Скопје, Цементарница Усје АД Скопје, Бучим ДООЕЛ Радовиш, Железници и Кранфилд. Исто така, на електропреносната мрежа се приклучени и два

електродистрибутивни системи и тоа едниот Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и АД ЕСМ Скопје - подружница енергетика.

Капитален проект кој е од огромно значење за АД МЕПСО Скопје е поврзување на електропреносниот систем на Република Северна Македонија со електропреносниот систем на Република Албанија. Од страна на Енергетската заедница е усвоен проект за изградба на 400 kV далекувод Битола - Елбасан, кој е од особено значење за Република Северна Македонија. Со овој проект ќе заврши градбата на коридорот осум со што ќе се поврзат Република Бугарија, Република Северна Македонија, Република Албанија, Република Црна Гора и Република Италија. Со овој проект би се овозможило регионално поврзување на пазарот со електрична енергија. Проектот е во фаза на реализација и се очекува да биде завршен 2028 година. Во проектот е предвидено изградба на 400 kV далекувод од Битола до граница на Република Северна Македонија со должина од 92 km, како и изградба на 400 kV трансформаторски станици во Битола и Охрид.

Во наредниот период се очекува развој и надградба на постојната мрежа преку изградба на 400/110 kV трафостаници, изградба на интерконективни врски со соседните системи, изградба на нови и зајакнување на постојните 110 kV водови, како и модернизација и дигитализација на системот и соодветните процеси.

Согласно член 19 став (1) точка 6 и став (2) точка 7 од Статутот на АД МЕПСО Скопје управниот одбор донесува одлуки за инвестиции со претходно одобрение на надзорниот одбор.

### III.2.1. Национален диспечерски центар

SCADA/EMS систем: е надлежен за функционирање на техничкиот систем за контрола и управување со електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија. Во основа на управувањето со електроенергетската преносна мрежа е аквизицијата, обработката и презентацијата на податоците и нивно менаџирање со системот за надзор, управување и прибирање на податоци т.н. SCADA/EMS систем. Системот Spectrum Power 4.7 е набавен од Siemens АГ Австрија и се состои од хардверска и софтверска платформа инсталирана во 2014 година.

Основата на овој систем се базира на прибирање на податоци и мерења од трафостаниците и производните капацитети поврзани на мрежата на АД МЕПСО Скопје. Хардверската платформа се состои од редундантни сервери и работни станици и систем за архивирање кои овозможуваат непречена и непрекината работа на SCADA/EMS системот. АД МЕПСО Скопје располага со два вакви системи, еден кој е главен е сместен во Националниот диспечерски центар во Скопје а другиот на оддалечена локација.

Компјутерската платформа е базирана на IBM x3650-M4 сервери со SOLARIS 10 (UNIX) оперативен систем (сите сервери и работни станици освен Market Operator и Human Machine Interface кои имаат Windows Server 2008 R2 Standard OS).

За комуникација со крајните станици во трафостаниците се користат следните телеконтролни протоколи:

- IEC 60870-5-101 со кој се обезбедува можност за комуникација со РТУ преку сериски изнајмени телефонски линии или сопствена мрежа,
- IEC 60870-6 попознат како TASE.2 или ICCP - објектно ориентиран протокол за комуникација во реално време помеѓу управувачки системи како што се други контролни центри, електрани, и Electronic Highway на ЕНТСО-Е. Со тоа се овозможува комуникација, односно размена на податоците во реално време, управување со прекинувачите и раставувачите на хидроелектраните и водовите, како и пуштање, запирање и задавање на потребна моќност со која работат агрегатите во електраните (било во режим на работа во AGC или следење на дневниот "возен ред"),
- IEC 60870-5-104 со кој се обезбедува можност за комуникација со РТУ и користење на TCP/IP како носечки протокол.

За комуникација со контролните центри од ЕНТСО-Е се употребува системот Electronic Highway, кој го користи протоколот IEC 60870-6 (TASE.2 или ICCP).

Electronic Highway: претставува приватна мрежа на европските оператори на електропреносни системи (комплетно одделена од интернет) со која се овозможува високо доверлива размена на real-time и nonreal-time информации и увид во моменталните состојби на поголемите енергетски објекти од соседните земји, како и директна комуникација на преносните оператори преку соодветните апликации кои ги нуди овој систем.

Преку инфраструктурата на Electronic Highway, поврзан е и системот на ЕНТСО-Е наречен Entso-E Awareness System (EAS) чија цел е подобрена обсервабилност, соработка и размена на податоци помеѓу соседните ENTSO-E контролни центри со цел превенција, координација и асистирање при евентуален енергетски инцидент, како и можност за асистенција при повторно воспоставување на енергетските системи.

Платформа OPDE - Operational planning data environment служи за размена на оперативни податоци вон реално време како и пазарно ориентирани податоци (CGM data) и истата функционира преку инфраструктурата на приватната мрежа на ЕНТСО-Е наречена ATOM.

Визуелниот приказ на графички информации генерирани од сметачката конфигурација на техничкиот систем за управување во националниот диспечерски центар на АД МЕПСО Скопје се реализира преку системот за задна проекција на BARCO кој е поврзан со Siemens Spectrum Power преку Local Area Network.

АД МЕПСО Скопје располага со Систем за далечинско, автоматско аквизирање и обработка на податоци од мерни уреди, "Automated Meter Reading" (AMR) и "Meter Data Management" (MDM) тип IDSpecto на производителот Gorlitz од Германија имплементиран во декември 2013 година и проширен и надграден во 2018 година.

IDSpecto системот ги има следните функционалности:

- далечинско отчитување (прибирање) на податоци од мерните уреди според однапред зададен распоред како и вонредно прибирање на барање на корисниците и складирање на истите во MS SQL базата.

- мониторинг на процесите на аквизиција на мерните уреди, проверка на точност, валидација и субституција на податоците
- обработка на податоците, математички калкулации и пресметки на податоци за криви на оптоварување и регистрите, споредбени анализи и пресметки преку претходно зададени и конфигурирани формули,
- чување на историски податоци од мерните уреди (најмалку 10 години),
- изработка на месечни фактури за пренос на електрична енергија,
- дистрибуција на податоци во стандардизирани формати (XML, XSL, XSLX,) за потребите на операторот на пазарот на електрична енергија, АД ЕЛЕМ Скопје, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, НДЦ-МЕПСО, директни потрошувачи, учесници на пазарот со електрична енергија како и за размена на податоци со други информациони системи (SCADA/EMS/MMS).
- веб апликација на AMR/MDM системот која овозможува преглед на криви на оптоварување и регистри во табеларен и графички формат како и нивно преземање за корисниците на преносната мрежа.

АД МЕПСО Скопје покрај далекуводите, разводните постројки и трансформаторски станици располага и со Национален диспечерски центар кој служи за менаџирање и управување со протоците на енергии во електропреносниот систем во сите режими на работа. На тој начин АД МЕПСО Скопје во целост располага со опрема за непречено вршење на дејноста пренос на електрична енергија.

### III.2.2. Мерки за заштита на податоците

АД МЕПСО Скопје, во постапката по барањето за сертификација, како доказ за преземени мерки во делот на заштита на податоците ги достави подзаконските акти односно правилата, одлуките и упатствата кои ги применува со цел да спречи откривање на доверливи и други комерцијално чувствителни информации како и заштита на личните податоци .

Според глава 2.5 точка 6) од Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување, АД МЕПСО Скопје гарантира доверливост на деловните податоци и информации и оневозможување злоупотреба на деловните тајни и информации коишто се добиени при вршење на дејноста пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем заради стекнување на деловна корист во согласност со Законот за пристап до информации од јавен карактер и Правилникот за деловна тајна на АД МЕПСО Скопје.

Исто така, службеникот за усогласеност е должен да го следи спроведувањето на програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје чија цел е да се обезбеди транспарентно, објективно и недискриминаторно постапување на АД МЕПСО Скопје кон корисници на електропреносниот систем, односно независноста на операторот на електропреносниот систем како и избегнување на конфликт на интереси.

Согласно член 6 став (2) точка 2) од Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на службеникот за усогласеност (во понатамошниот текст: Правилникот), истиот ги следи и врши контрола во однос на обезбедувањето на условите за доверливост на деловните податоци на корисниците на електропреносниот систем, како и за доверливост на деловните податоци при координација и соработка на АД МЕПСО Скопје со други оператори на електроенергетски системи во согласност со закон, Правилникот за деловна тајна на АД МЕПСО Скопје и други прописи.

Согласно член 7 став (1) точка 10) од Правилникот, службеникот за усогласеност во рамки на своите овластувања утврдени согласно Законот за енергетика, Статутот на АД МЕПСО Скопје и Правилникот, е должен да осигурува безбедно, одговорно и соодветно управување со податоците водејќи сметка за доверливост на истите, како и за заштита на личните податоци согласно позитивните законски и подзаконски прописи.

При работењето, согласно член 12 став (6) од Правилникот, добиените податоци и информации службеникот за усогласеност е должен да ги чува внимателно и доверливо и истите не смее да ги користи спротивно на интересите на АД МЕПСО Скопје, интересите на корисниците на електропреносниот систем, односно не смее да ги користи за лични потребни или за потребите на трети лица.

Исто така, Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари постојано го следи работењето на АД МЕПСО Скопје преку збир на активности коишто се однесуваат на собирање, обработка и анализа на податоци и информации од вршењето на енергетската дејност, кои се доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика на месечно ниво.

## IV. ПРОЦЕНА НА УСОГЛАСЕНОСТА СО УСЛОВИТЕ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА

Раздвојувањето на електропреносниот систем, а со тоа и сертификацијата на операторот на електропреносниот систем и неговото назначување за оператор на електропреносниот систем, подразбира исполнување на условите предвидени во Директивата (ЕУ) 2019/944 на Европскиот парламент и на Советот, од 5 јуни 2019 година, за општите правила на внатрешниот пазар на електрична енергија, со која се дополнува Директивата 2012/27/ЕУ (во натамошниот текст: Директива 2019/944/ЕУ), соодветно транспонирани во Законот за енергетика*. Согласно Директивата 2019/944/ЕУ, раздвојувањето може да се спроведе преку три можни модели на раздвојување, сопственичко раздвојување, независен оператор на системот и независен оператор на преносот. Република Северна Македонија со член 133, 134, 137, 138, 139 и 140 од Законот за енергетика* го транспонираше моделот на сопственичко раздвојување на операторот на електропреносниот систем, на начин утврден во одредбите од член 40,43, 52 и 53 од Директива 2019/944/ЕУ.

IV.1. Сопственост над електропреносната мрежа

Согласно член 308 став (1) од Законот за енергетика*, Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 24 јули 2025 година донесе Одлука бр. 50-6306/18 за пренос на сопственичката структура преку пренос на акции на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и

управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје од Министерството за транспорт на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини. Оваа одлука е донесена во согласност со одредбите од Уставот и законите на Република Северна Македонија со кои се уредуваат сопственоста и управувањето со државната сопственост од страна на органите на државната власт.

Согласно член 133 од Законот за енергетика*, како и наодите содржани во дел III.1. (АД МЕПСО Скопје и други вршители на енергетска дејност во државна сопственост или врз коишто државата остварува контрола) и дел III.2. (Технички карактеристики на електропреносниот систем) од образложението од оваа Одлука, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини е сопственик на АД МЕПСО Скопје, додека АД МЕПСО Скопје е сопственик на електропреносната мрежа што се состои од трафостаници, линиски инфраструктурни објекти - далекуводи, постројки, објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем.

IV.2. Вршење на дејност пренос на електрична енергија

Согласно член 133 од Законот за енергетика*, како и наодите содржани во дел III.1.1.5. (Лиценци) и дел III.1.1.7. (Учество во регионални и меѓународни асоцијации и друштва кои вршат енергетски дејности) од образложението од оваа Одлука, АД МЕПСО Скопје е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија и не поседува лиценци ниту е вклучено во вршење на енергетските дејности производство, дистрибуција, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија и организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

Врз основа на увидот во систематизацијата и квалификационата структура на вработените, наведено во дел III.1.1.4. (Организациска структура) од образложението од оваа Одлука, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека АД МЕПСО Скопје има доволен број квалификувани вработени лица кои се професионално оспособени да вршат специфични задачи при вршење на регулираната дејност пренос на електрична енергија, за кои поседуваат и посебни овластувања и сертификати издадени од надлежни институции.

Врз основа на увид и анализа на годишните финансиски извештаи и ревизорските извештаи за 2022, 2023 и 2024 година и Одлуките за одобрување на регулиран максимален приход за 2022, 2023 и 2024 година, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2022, 2023 и 2024 и 2025 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје, како што е наведено во делот III.1.1.8. (Остварување на приходи при вршење на регулирана енергетска дејност пренос на електрична енергија) од образложението од оваа Одлука, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека АД МЕПСО Скопје ги исполнува условите за финансиска одржливост.

IV.3. Независност од вршење на други дејности во електроенергетскиот сектор

Согласно член 133 од Законот за енергетика, како и наодите содржани во дел III.1.1.5. (Лиценци) и дел III.1.4 (Номагас АД Скопје) од образложението од оваа Одлука, АД МЕПСО Скопје не врши и не е вклучен во вршење на дејностите производство, дистрибуција, складирање, снабдување

или трговија со електрична енергија и организирање и управување со пазарот на електрична енергија и пренос на гас, а Номагас АД Скопје како оператор на системот за пренос на гас нема влијание ниту контрола врз одлучувањето во АД МЕПСО Скопје.

Со оглед дека Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини е сопственик на АД МЕПСО Скопје и Номагас АД Скопје, а Владата е сопственик на субјекти кои вршат производство, дистрибуција, трговија и снабдување со електрична енергија, при донесувањето на оваа Одлука пред Регулаторната комисија за енергетика го образложува следното:

IV.3.1. Одговорност на министерствата пред Владата

Владата и секој нејзин член (министер) му одговараат на Собранието на Република Северна Македонија. Претседателот на Владата му предлага на Собранието да избере или разреши министер, но уставното право да го избере или разреши го има исклучиво Собранието. Министерот самостојно раководи со министерството и е одговорен за работата на министерството. Министерствата работите од својата надлежност ги вршат самостојно и за својата работа се одговорни на Владата. Неспорно е дека Владата може да даде упатства и насоки на определен министер како да ги изврши насоките и ставовите на Владата, а претседателот на Владата да го насочи дејствувањето на Владата во целина и на нејзините членови во согласност со програмските определби и насоките што таа ги утврдува. Но, овие упатства и насоки за дејствување се однесуваат на вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа. Владата не може да дава вакви насоки во однос на правата и обврските коишто произлегуваат од сопственост врз трговски друштва во кои таа не сопственик. Таков е случајот со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, кое што е сопственик на трговското друштво кое што е оператор на електропреносниот систем, а правата и обврските коишто произлегуваат од сопственоста, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ги остварува согласно Законот за енергетика* и Законот за трговските друштва.

Имено, согласно член 89 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата ја сочинуваат претседател и министри. Согласно член 68 од Уставот, Собранието ја избира Владата. Со членот 92 од Уставот е утврдено дека Владата и секој нејзин член, за својата работа одговараат пред Собранието. Исто така, и во член 4 став (2) од Законот за владата е утврдено дека во рамките на своите права и должности утврдени со уставот и со закон, Владата и секој нејзин член, за својата работа одговараат пред Собранието.

Неспорно е правото на претседателот на Владата да му предложи на Собранието определен министер да биде разрешен. Меѓутоа, треба да се има предвид одредбата од член 94, ставови (2) и (3) од Уставот каде што е утврдено дека претседателот на Владата може до Собранието да предложи разрешување на член на Владата, а за предлогот за разрешување на член на Владата одлучува Собранието на првата наредна седница. Од оваа уставна одредба произлегува дека претседателот на Владата не може да разреши министер, туку дека тоа е исклучиво право на Собранието.

Согласно член 95 од Уставот, државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон. Според член 96 од Уставот, органите на државната управа

работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата. Организацијата и работата на органите на државната управа, како и нивните надлежности се уредуваат со Законот за организација и работа на органите на државната управа, кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Со членот 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е утврдено дека органите на државната управа, како дел од изршната власт, се основаат во областите и подрачјата кои се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица. Во оваа смисла, во членот од 13 овој закон е утврдено дека органите на државната управа постапувајќи во рамките на своите надлежности во согласност со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори:

1) ја спроведуваат политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и прописите на Владата,
2) одговорни се за извршување на законите и другите прописи,
3) ги извршуваат насоките и ставовите на Владата за работата на органите на државната управа,
4) ја следат и се одговорни за состојбата во областите за кои се основани,
5) даваат иницијатива за решавање на прашањата во областите за кои се основани,
6) решаваат во управни работи,
7) вршат надзор над законитоста на актите и работењето на трговските друштва, установите и другите правни лица кога за тоа се овластени со закон,
8) вршат управен и инспекциски надзор и други управни работи кога за тоа се овластени со закон,
9) ги подготвуваат предлозите на законите чиј овластен предлагач е Владата,
10) ги подготвуваат прописите што ги донесува Владата и
11) вршат и други работи утврдени со Уставот и со закон.

Со членот 20- а од Законот за организација и работа на органите на државната управа се уредени специфичните надлежности на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во областите и подрачјата коишто се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица, а тоа се работите кои што се однесуваат на:

– енергетиката, енергетската политика и планирањето на развојот во областа на електрична енергија, природен гас, нафта и деривати на нафта, топлотна енергија и термални води, како и други видови енергија и нивна експлоатација;
– снабдувањето со енергија;
– спроведувањето на постапки за селекција и именување на органите на раководење, управување и надзор во правните лица од областа на енергетиката
– стратегијата и политиката за енергетска безбедност;
– рационалната употреба на енергијата и енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија;
– координацијата на работата и реализација на енергетските инвестиции;
– рударството, стратегија и политика за развој на рударството;
– експлоатацијата на минерални суровини и геолошки ресурси;
– геолошките истражувања и истражувања поврзани со експлоатација на минерални суровини;
– изработката на програма за истражувачки работи од областа на основните геолошки истражувања поврзани со одржливото користење на ресурсите;
– надзорот од негова надлежност и

– врши други работи утврдени со закон.

Со ставот (2) од истиот член е утврдено дека во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини е Биро за метрологија, кое има својство на правно лице.

Во членот 47 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е утврдено дека министерот раководи со работата на министерството. Во таа смисла во членот 49 од истиот закон, е утврдено дека министерот го претставува министерството, организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите; донесува прописи и други акти за кои е овластен и презема други мерки од надлежност на министерството во согласност со закон. Одговорноста на министерот за самостојно раководење со министерството за кое е избран е утврдено и во членот 13 од Законот за владата согласно кој: „министерот самостојно раководи со министерството за кое е избран, го следи и е одговорен за спроведувањето на законите и другите прописи“.

Со членот 27 од Законот за владата е утврдено дека Владата утврдува насоки и ставови за извршување на законите и другите прописи со кои се определува начинот на работата на министерствата во извршувањето на законите и другите прописи, се определуваат рокови за донесување на акти за кои овие органи се овластени и за поднесување на извештаи по одделни прашања, се определува начинот на соработката со други државни органи, како и други прашања кои се од значење за остварувањето на функциите на овие органи. За оваа цел, со членот 28 од истиот закон е дадена можност на Владата да може да даде упатства и насоки на определен министер како да ги изврши насоките и ставовите на Владата.

Согласно член 6 од Законот за владата, заради остварување на својата надлежност Владата донесува годишна програма за работа. Во членот 16 став (4) од Деловникот за работа на Владата е утврдено дека во годишната програма за работа се вградени стратешките приоритети за операционализација на Програмата која мандатарот ја предлага при изборот на Владата. Понатаму, со членот 11, став (2) од Законот за владата е утврдено дека претседателот на Владата го насочува дејствувањето на Владата во целина и на нејзините членови во согласност со програмските определби и насоките што таа ги утврдува.

Од горенаведените одредби од Уставот, како и Законот за владата и Законот за организација и работа на органите на државната управа, вклучително и Деловникот за работа на владата, може да се заклучи дека со нив се уредува работењето на Владата и органите на државната управа и нивните меѓусебни односи од аспект на нивните функции дефинирани во доменот на јавното право. Надлежностите, односно овластувањата што ги има Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на АД МЕПСО Скопје и воопшто работењето на ова друштво спаѓаат во доменот на приватното право. Ова значи дека при остварувањето на функцијата единствен акционер во АД МЕПСО Скопје над Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини не се применуваат погоренаведените уставни и законски одредби, туку се применуваат одредбите од Законот за енергетика и Законот за трговските друштва.

Исто така, треба да се има предвид дека и покрај тоа што согласно член 8, точка 6) од Законот за владата (lex generalis), Владата одлучува за располагањето и користењето на државниот капитал во согласност со закон, со членот 134, став (1) од Законот за енергетика (lex specialis) е утврдено дека Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини е сопственик на ова друштво,

односно дека тоа министерство одлучува за државниот капитал во ова друштво. Оттука, Владата нема право да одлучува, ниту да му дава упатства и насоки на министерството во врска со располагањето и користењето на државниот капитал во АД МЕПСО Скопје, од причини што тоа би било спротивно на Законот за енергетика. Во оваа смисла, правата и обврските на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како акционерско собрание во АД МЕПСО Скопје, уредени со Законот за трговските друштва и статутот на АД МЕПСО Скопје не спаѓаат во правата, обврските и надлежностите на ова министерство утврдени во член 27 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, односно не се од значење за вршењето на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица.

Основот за ваквиот пристап произлегува од член 134 од Законот за енергетика, во кој е јасно е утврдена самостојноста на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како сопственик на АД МЕПСО Скопје. Имено, со оваа одредба недвосмислено е утврдено дека:

1) Министерството е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на АД МЕПСО Скопје.
2) Членовите на органот на надзор, односно на органот на управување на АД МЕПСО Скопје:

- се самостојни во постапка за донесување на одлуки согласно закон, и
- не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на управување на друштва кои вршат производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија или друштва кои имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

Сметано од донесување на Законот за енергетика* и преносот на сопственичката структура во случаите кога Владата на Република Северна Македонија одлучува за прашања кои се нејзина исклучива надлежност како сопственик на АД Електрани на Северна Македонија, Скопје, за сите материјали кои се разгледуваат на седниците на Влада, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини укажува дека давањето мислење по овие материјали е спротивно на одредбите од законот според кои Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како сопственик на АД НОМАГАС Скопје и како сопственик на АД МЕПСО Скопје не смее да учествува во управувањето и раководењето со АД ЕСМ Скопје кој врши производство на електрична енергија и чиј сопственик е Владата на Република Северна Македонија. Наведеното се потврдува од доказите доставени од Министерството до Владата на Република Северна Макеодонија и надлежните министерства наведени во точка II.3.6. во кои што јасно и недвосмислено се потврдува неучеството на Министерот во одлучувањето на Владата на Република Северна Македонија по однос на прашања поврзани со АД ЕСМ Скопје.

IV.3.2. Одговорноста на министерствата да ја известуваат Владата за донесените акти кои што седнесуваат на насоките за спроведувањето на политиките на Владата како и користењето на финансиските средства.

Министрите се должни да ја известуваат Владата за актите кои ги донесуваат, а кои се однесуваат на начин на остварување на уставните права на граѓаните, насоките на Владата, располагањето со финансиски средства (трошоци) и други значајни прашања од делокругот на министерството. Во оваа смисла министерот за енергетика, рударство и минерални суровини е

должен да ја известува Владата само за прописите и другите акти што ги донесува со кои подетално се уредува извршувањето на законите од негова надлежност, а во таа надлежност не е вклучена функцијата на единствен акционер на АД МЕПСО Скопје. Исто така Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, при остварувањето на функцијата на акционерско собрание на АД МЕПСО Скопје нема обврска да ја известува Владата за располагањето со финансиските средства (трошоците), со оглед дека работењето на АД МЕПСО Скопје не е финансирано од Буџетот, а приходите и расходите од неговото работење не се планираат и не влегуваат во Буџетот. Владата утврдува насоки и ставови за извршување на законите и другите прописи со кои се определува начинот на работата на министерствата во извршувањето на законите и другите прописи. Со оглед дека Законот за енергетика каде што е утврдена самостојноста на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како сопственик на АД МЕПСО Скопје е Lex specialis во однос на Законот за владата, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини нема обврска да доставува известувања до Владата во однос на работењето на АД МЕПСО Скопје. Согласно член 31 од Законот за владата министрите се должни да ја известуваат Владата за актите кои ги донесуваат, а кои се однесуваат на начинот на остварувањето на уставните права на граѓаните, насоките на Владата, располагањето со финансиски средства (трошоци) и други значајни прашања од делокругот на министерството.

Во членот 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е определено дека министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон. Во оваа одредба се наведени актите што ги донесува министерот, се определува намената на тие акти и се утврдува дека министерот ги донесува овие акти само ако за тоа е овластен со закон. Во оваа смисла министерот за енергетика, рударство и минерални суровини е должен да ја известува Владата само за прописите и другите акти што ги донесува со кои подетално се уредува извршувањето на законите со кои се уредува неговата надлежност и функции утврдени во член 20-а од Законот за организација и работа на органите на државната управа, кои се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица. Оттука, министерот за енергетика, рударство и минерални суровини нема со закон утврдена обврска да ја известува Владата за актите што ги донесува во остварувањето на функцијата на акционерско собрание кои што се однесуваат на работењето на АД МЕПСО Скопје. Имено, со членот 383 од Законот за трговските друштва е утврдена надлежноста на акционерското собрание, како и актите што ги донесува и со кои се одлучува само за прашања поврзани со работата на акционерското друштво (измена на статутот на друштвото, избор и отповикување на членови на надзорен одбор, одобрување на работата на надзорниот и управниот одбор, одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката, назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, престанување на друштвото и слично), а не и за прашања од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица.

Во однос на обврската за известување за располагањето со финансиски средства (трошоци) се укажува дека според Законот за буџетите, министерствата, како органи на извршната власт на централно ниво, се буџетски корисници и нивното работење се финансира од централниот буџет, како составен дел од Буџетот на Република Северна Македонија (Буџетот). Од членот 2 од Законот за извршување на Буџетот, кој што се донесува за секоја година, произлегува должност за буџетските корисници (министерствата) утврдените финансиски средства во Буџетот за нивната работа

наменети за извршување на работите кои се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица да ги користат да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно. Оваа одредба кореспондира и со членот 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа каде што е утврдено дека органите на државната управа своите надлежности утврдени со закон ги извршуваат врз основа на начелата на законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност, еднаквост и предвидливост. Оттука, имајќи ја предвид одредбата од член 96 од Уставот, според која органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата, неспорно е дека министрите, како лица коишто раководат со министерствата се должни да ја известуваат Владата за располагањето со финансиските средства (трошоците) определени за извршување на работите и задачите од нивна надлежност што се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица. Меѓутоа, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, при остварувањето на функцијата на акционерско собрание на АД МЕПСО Скопје нема обврска да ја известува Владата за располагањето со финансиските средства (трошоците), со оглед дека работењето на АД МЕПСО Скопје не е финансирано од Буџетот, а приходите и расходите од неговото работење не се планираат и не влегуваат во Буџетот.

Со членот 27 од Законот за владата е утврдено дека Владата утврдува насоки и ставови за извршување на законите и другите прописи со кои се определува начинот на работата на министерствата во извршувањето на законите и другите прописи, се определуваат рокови за донесување на акти за кои овие органи се овластени и за поднесување на извештаи по одделни прашања; се определува начинот на соработката со други државни органи, како и други прашања кои се од значење за остварувањето на функциите на овие органи. За оваа цел, со членот 28 од истиот закон е дадена можност на Владата да може да даде упатства и насоки на определен министер како да ги изврши насоките и ставовите на Владата. Од наведениве одредби од Законот за владата произлегува дека насоките и ставовите утврдени од Владата се однесуваат само на извршувањето на законите и другите прописи со кои се определува начинот на работата на министерствата во извршувањето на законите и другите прописи како и за другите работи поврзани со остварувањето работите и задачите од надлежноста на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини што се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица, а не и за остварувањето на функцијата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како акционерско собрание на АД МЕПСО Скопје.

Основот за ваквиот пристап произлегува од член 134 од Законот за енергетика (lex specialis) во однос на Законот за владата, во кој е утврдена самостојноста на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како сопственик на АД МЕПСО Скопје. Имено, со оваа одредба недвосмислено е утврдено дека Министерството е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на АД МЕПСО Скопје, а членовите на органот на надзор, односно на органот на управување на АД МЕПСО Скопје се самостојни во постапка за донесување на одлуки согласно закон. Оттука, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини нема никаква законска обврска да ја известува Владата за прашања поврзани со работењето на АД МЕПСО Скопје.

IV.3.3. Правото на Владата да врши надзор над законитоста и ефикасноста во работењето на министерствата.

Надзорот кој Владата го врши над законитоста и ефикасноста на работењето на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини се однесува на вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица, а не и за остварувањето на функцијата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како акционерско собрание на АД МЕПСО Скопје.

Со членот 4 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е утврдено дека органите на државната управа во рамките на својата надлежност се должни да им обезбедат на граѓаните ефикасно и законито остварување на нивните уставни слободи и права. Исто така, со членот 3 од истиот закон е утврдено дека органите на државната управа своите надлежности утврдени со закон ги извршуваат врз основа на начелата на законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност, еднаквост и предвидливост. Согласно член 41 од овој закон, Владата врши надзор над работата на министерствата. Во членот 38 од истиот закон, е пропишано дека надзорот се врши како надзор над законитоста и надзор над ефикасноста на работата на министерствата.

Согласно член 6 од Законот за владата, заради остварување на својата надлежност Владата донесува годишна програма за работа. Во членот 16 став (4) од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија е утврдено дека во годишната програма за работа се вградени стратешките приоритети за операционализација на Програмата. Согласно член 36 став 5 од Законот за владата со Програмата се утврдуваат одделни прашања од надлежност на владата за кои е потребно утврдување на динамика и рокови.

Надзорот над законитоста се однесува на тоа дали актите кои што ги донесуваат и постапките што ги преземаат министерствата се во согласност со Уставот и законите и во рамки на нивните законски утврдени надлежности, права и обврски. Од друга страна, надзорот над ефикасноста се однесува на начинот на кој министерствата ги остваруваат своите надлежности, како и нивното постапување во однос на остварувањето на правата и обврските на граѓаните, како и остварувањето на Програмата согласно предвидените рокови и динамика.

Од горенаведените одредби произлегува дека при надзорот Владата утврдува дали министерот во законски утврдени рокови ги спроведува своите надлежности. Имајќи предвид дека законите и прописите донесени врз основа на закон определуваат начин, постапки и рокови за нивна имплементација, како и финансиски средства за нивна реализација, произлегува дека Владата при надзорот на работењето на одреден министер се раководи од овие критериуми.

IV.3.4. Правото на Владата да спречи извршување на мерки и да повлече или поништи акт усвоен од министерот.

Владата може да му укаже на министерот или може да задржи од извршување пропис и да му предложи на министерот во определен рок да го измени или повлече прописот ако прописот со кој се уредува вршење на функциите на државата и остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис. Начинот и постапката за

поништување на одлуките на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини донесени во функција на акционерско собрание на АД МЕПСО Скопје е уреден со Законот за трговските друштва.

Во таа смисла, ако Владата смета дека одреден пропис кој го донел министер не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис, може според член 29 од Законот за владата за тоа да му укаже на министерот, или може да задржи од извршување пропис и да му предложи на министерот во определен рок да го измени или повлече прописот.

Исто така, согласно член 30 од Законот за владата, Владата врши надзор над работата на министерствата и другите органи на државната управа и управните организации и има право и должност да укине или поништи пропис или друг акт на министерствата, кој не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис на Собранието, односно пропис на Владата. Согласно член 103 од Деловникот за работа на Владата, предлог за укинување, односно поништување на пропис што го донесува министер, поднесува претседателот на Владата, односно член на Владата, доколку смета дека таквиот пропис не е во согласност со Уставот, односно закон или со пропис на Владата. Овој предлог се доставува на мислење до Секретаријатот за законодавство, кој своето образложено мислење ќе го достави до Владата и до министерот кој го донел тој пропис. Владата одлучува за укинување, односно поништување на прописот.

Имајќи ја предвид погоре споменатата одредба од член 134 од Законот за енергетика, врз одлуките коишто Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ги донесува или за дејствијата што ги презема како единствен акционер на АД МЕПСО Скопје, Владата не може да врши надзор над законитоста и ефикасноста, односно да поништува одлуки или да преоценува дејствија во согласност со одредбите од членовите 38 и 41 од Законот за организација и работа на органите на државната управа. Имено, начинот и постапката за поништување на одлуките на акционерското собрание се уредени со членовите од 408 до 415 од Законот за трговските друштва, каде што е утврдено дека против одлуката на акционерското собрание може да се поднесе тужба за ништовност или тужба за побивање пред надлежен суд. Со посочените одредби од Законот за трговските друштва е утврдено дека тужба за побивање, меѓу другите, може да поднесе органот на управување и надзорниот одбор, како и секој член на органот на управување и надзорниот одбор, ако со спроведување на одлуката би сторил дејствие што е казниво, незаконито или за коешто може да одговара за штета, меѓутоа не и Владата врз основа на правото на надзор над законитоста и ефикасноста на работата на министерството како акционерско собрание.

Покрај наведените прашања, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека независноста во вршењето на дејноста е обезбедена и преку одредбата од член 383 став (5) од Законот за трговските друштва согласно која Собранието на акционери, во конкретниов случај претставено преку министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, не може да одлучува за прашања од секојдневното работење на друштвото како што а наведено во дел III.1.1.1. (Сопственичка структура), именувањето на службеник за усогласеност како што е наведено во дел III.1.1.3. (Службеник за усогласеност) и воспоставувањето на мерки за заштита на податоците како што е наведено во дел III.2.2. (Мерки за заштита на податоците), од образложението на оваа Одлука.

Со одредбите од член 133 став (2) и став (3) од Законот за енергетика се обезбедува независноста на членовите на органот на надзор и органот на управување на АД МЕПСО Скопје, на

начин што одредбите забрануваат исто лице или лица во исто време да учествуваат во управувањето и раководењето со друштвото што врши некоја од дејностите производство, складирање, снабдување или трговија со со електрична енергија и во исто време да управуваат или остваруваат друго право во операторот на електропреносниот систем и обратно. Во таа смисла ограничувањата во управувањето и раководењето се однесуваат на користење на право на глас, како и во избор и именување на членови на органот на надзор и органот на управување, но и во поседување на мнозински удел.

Согласно член 349 од Законот за трговски друштва ако член на управниот одбор или надзорниот одбор во друштвото има судир на интереси со предметот на расправа и одлучување не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со предметот на работа.

Според наводите во дел III.1.1.2. (Органи на управување и надзор), дел III.1.3. (АД ЕСМ Скопје) и дел III.1.4. (Номагас АД Скопје) како и дел II.3.4. од образложението на оваа Одлука, именуваните членови на управниот и надзорниот одбор на овие друштва не се членови на орган на управување, односно надзор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и друштвото, што е во согласност со член 348 став (1) точка 3 од Законот за трговски друштва.

Согласно член 3 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.

З А К Л У Ч О Ц И

Врз основа на Законот за енергетика* во кој се транспонирани одредбите од Директивата 2019/944/ЕУи Регулативата (ЕУ) бр. 943/2019, а имајќи ги предвид фактите и доказите доставени во постапката по барањето за сертификација, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

АД МЕПСО Скопје:

1) е сопственик на електропреносната мрежа во Република Северна Македонија,
2) не е дел од вертикално интегрирано друштво и е во сопственост на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини кое е самостојно при донесување на одлуки согласно закон.
3) е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија,
4) не врши и е независно од вршењето на енергетските дејности производство, дистрибуција, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија и организирање и управување со пазарот на електрична енергија и снабдување и тровија со гас,
5) е независно во управувањето и раководењето на друштвото во однос на други друштва кои вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека АД МЕПСО Скопје во целост ги исполнува условите да биде сертифициран и да биде назначен за оператор на електропреносниот систем и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

**Бр. 02-292/4**
**23 април 2026 година**
**Скопје**